**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 декември 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11, 09 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија господин Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по Шеесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Андреј Жерновски, Панче Дамески, Оливер Дерковски, Катерина Димеска, Илинка Митрева, Ацо Киров, Цветанка Иванова, Лазар Китаноски, Данаил Дончев, Ѓорѓи Оровчанец, Валентина Божиновска, Есад Рахиќ, Тито Петковски, Азис Положани, Агрон Буџаку, Али Ахмети, Фазли Велиу, Радмила Шекеринска, Александар Спасеноски и Бесим Догани ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Има збор господин Никола Рилкоски.

Повелете господине Рилкоски.

**Никола Рилковски:** Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги.

Веќе трет ден говориме за темата на пензионерите. Јас денес ќе говорам само за еден сегмент од Законот кој според досегашната расправа е најинтересен и најповеќе експлоатиран, а ќе говорам и од секојдневните непосредни и посредни пораки и барања од пензионерите како од мојот град, од Охрид и Охридско и пошироко, а тоа а тоа е Фондот за солидарност за намирување на трошоците за закуп на корисник на пензија. За ова прашање ќе говорам и заради моето лично убедување дека истото прашање е од голема важност и внимание.

Паричните средства во солидарниот фонд се средства на секој пензионер кој издвојува по 140 денари и со нив единствено и суверено може да располагаат и да ги користат лично само тие, никој друг, па нека се вика и влада, за што всушност се има произнесено и Уставниот суд.

Евидентно е дека Владата по секоја цена има цел да дојде до овие средства, кои во секој случај не се за запоставување и оние што направиле пресметка говорат дека се работи за околу 7,5 милиони евра годишно. И така Владата, заблудена во оваа своја намера не гледа и не сака да слуша како реагираат пензионерите и нивните здруженија. Нивната реакција е жестока и недвосмислена против ваквото решение на Владата.

Но да ве потсетам дека ваквата реакција не произлегува само од пензионерите, како што вчера дел од колегите кажуваа дека голем процент на пензионерските здруженија скоро од цела Македонија, а исто така од Охрид, Дебарца, Струга, се приклучуваат кон таа реакција. Сакам да кажам дека ваквата реакција не произлегува само од пензионерите, туку и од членовите на нивните семејства кои исто така не се во мал број, односно ако кон бројката на пензионерите, која е околу 280 илјади на број во Македонија, се додадат и членовите на нивните семејства, кои за жал во голем број се издржувани од пензијата на членовите од семејството, тогаш лесно може да се заклучи дека Владата спори и оди против волјата на голем, јас би рекол дури огромен број на граѓани на Република Македонија. Тогаш се поставува и прашањето што ќе ни е Влада која оди и работи против својот народ.

Со ваквото решение Владата удира врз плеќите на најзаслужната категорија на граѓани кои низ својот работен век работејќи создавале и граделе за денес нивната старост што подостоинствено да можат да ја поминат, а во исто време удира и врз најкревката категорија на граѓани, кои природно остареле, често се болни и немоќни и голем дел од нив, за жал, се и осамени.

Повеќе од очигледно е дека Владата не ја интересираат граѓаните пензионери, туку ја интересираат парите што лично ги издвојуваат во овој Фонд. Доколку Владата сака да го демантира сето ова што го говоревме овие неколку дена, посебно ние од опозицијата, нека се откаже од ова решение што го нуди во законот, а за да се потврди, повторувам за да се потврди, нека повели да донесе закон со кој ќе предвиди да исплатува средства за ваква намена од Буџетот на државата и преку Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија да располага и да доделува вакви средства и овој проблем воопшто ќе го немаме. Само за илустрација, ваков пример имаме во соседна Црна Гора. Но Владата ниту има намера, ниту желба и волја да и излезе во пресрет на оваа категорија за да и помогне. Ако ја имаше таа желба, најпрво ќе се покажеше на случајот со стечајните работници, кои ги преживуваат сите годишни времиња под шаторите во Паркот на жената спроти овој дом.

Не можам да сфатам зошто сакате рака врз овој Фонд кога за такво нешто немате ни минимална поддршка од пензионерите. Наместо ваквата ваша заложба, ви препорачувам да седнете и да се обидете заедно со нив да дојдете до обострано решение. Во спротивно, напуштете ја оваа ваша намера и оставете ги пензионерите со нивните лични средства самостојно да располагаат и ги користат, затоа што тие се само нивни и само нивни.

Велите дека средствата не се одземаат, туку тие преку Фондот ќе се сервисираат. Така говореше почитуваниот министер. Со ова ќе се изврши едно длабоко бирократизирање и во оваа сфера, а со тоа и влијание врз пензионерите и нивните семејства. Тука се подразбира чекање ред, молење за своите пари итн, што е крајно

недопуштено и нехумано. Ваквите парични средства успешно тие самите ги сервисираат и убеден сум дека тоа и понатаму со успех ќе го прават, бидејќи да ве потсетам во таа структура на граѓани се наши довчерашни успешни правници, економисти, научни работници итн, кои и те како знаат и умеат да го менаџираат ова прашање.

Затоа, Владата нека се откаже од оваа своја намера, бидејќи пензионерите се доволно искусни и мудри и ќе не предухитрат ако по секоја цена им го одземете фондот. Едноставно тоа значи ќе престанат да ви ги уплатуваат средствата за истата таа намена и истите ќе ги уплатуваат на некоја друга страна или некоја друга сметка во нивните здруженија.

На крајот, мојата препорака е Владата да го повлече овој дел или сегмент, како што реков претходно, од Законот и заедно да придонесеме овој закон да се прифати и денес, и уште денес што побрзо да придонесеме успешно да се реализира намерата за зголемување на пензиите не 4% како што вчера се говореше, туку 10%, односно 20%, а дај Боже и повеќе, што ќе биде нашата најголема придобивка што можеме да и ја пружиме на оваа категорија на граѓани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика има господин Цветко Грозданов.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас се јавувам по втор пат да реплицирам по однос на оваа точка и ќе кажам дека социјалдемократите или не сакаат да ги разберат нештата или навистина не ги разбираат.

Стечајните работници господине Рилкоски ги створивте вие социјалдемократите и кога се враќате веќе на нив, претходно бевте четири години на власт и не најдовте сила, не смогнавте сила да го решите нивното прашање. После вашето паѓање од власт, сега во секоја точка ги спомнувате стечајните работници.

Ќе кажам само едно, оваа Влада прави напори да се изнајде решение и за стечајните работници.

Зборот "бирократизација" може да се сфати и она што е раководењето, само од дел од пензионерите или претседателот на пензиската организација со средствата од пензионерите. И тоа е дел од бирократизацијата. Ако е бирократизација Фондот да стопанисува, значи и тоа е бирократизација.

Но јас би ве упатил на нешто сосема друго и би ве запрашал дали имате можност да го земете ревизорскиот извештај, да прочитаме какви се наодите на ревизорскиот извештај во работењето на здруженијата на пензионерите. Никој не вели дека има одредени малверзации, но сепак би ви посочил да го земете ревизорскиот извештај и сами да се уверите какви се наодите на институциите, кои укажуваат на начинот на располагање со средствата кои се од пензионерите. Сите се фаќаме за тој солидарен фонд, а тој солидарен фонд, веќе сто пати укажавме, дека нема целосно да биде контролиран од централната власт, поточно од Фондот, туку дел, она што е само за погребалните услуги. Повторно ќе напоменам дека времето на работењето - еве, вас ќе ве запрашам дали знаете каде се наоѓа во Охрид седиштетото на трудовите инвалиди. Нема да знаете. Или не знам на која друга инвалидска организација, или не знам што. Ни самите членови на организациите не знаат, затоа што тие често пати подлежат на промена на местото на она што се нарекува домување. А во ситуација кога семејствата од починатите ќе имаат потреба од она што се погребални трошоци, бидете сигурни дека Фондот за пензиско нема да се менува, тоа е централно место, тука останува секогаш и многу лесно ќе можат да го најдат. Тоа е една од причините.

И друга причина, што исто така можам да ја спомнам е, осумчасовното работно време.

Покрај сето ова, уште еднаш би апелирал да го прочитате ревизорскиот извештај и да се уверите во наодите на ревизорскиот извештај во начинот на користењето на средствата од пензионерите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Никола Рилкоски контра реплика, повелете.

**Никола Рилковски:** Почитуван колега Грозданов не знам по кој пат дегутантно е навистина да се повикувате на тоа што ние пред 4 гогини сме правеле и во врска со стечајните работници не сме придонеле и не сме направиле нешто повеќе. Затоа повикувам, вие точно сега сте на власт и дајте направете да го немаме оној циркус во паркот на Жената.

Со оглед дека времето е кратко, барате дали знам каде е канцеларијата на трудовите инвалиди. Да знам, за ваша информација, точно кај што живеам е канцеларијата на трудовите инвалиди. Значи, знам каде се наоѓа и кои луѓе се доаѓаат таму. Владата ќе прави напори, меѓутоа, ништоне направила за стечајците до сега, за жал, и ревизорите нашле, најверојатно нашле пропусти и во здруженијата, меѓутоа ревизорите наоѓаат пропусти и во Владата и во Фондот и во други фондови, така што она што значи, ако некој згрешил, нормално е дека ќе си одговара. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници во врска со овој закон, за кој Парламентот расправа неколку дена и самата расправа од неколку дена треба да биде доволен сигнал дека нешто не е во ред односно дека опозицијата има сериозна причина да се спротивстави на одредени решенија од законот, кој не ги прифаќа, затоа што сметаме дека се на штета на пензионерите за кој се однесува овој закон.

Се разбира, Валдата и пратениците на ВМРО-ДПМНЕ упорно одат спротив ветрот и да

убедуваат,не нас, туку самите пензионери да ги убедат дека нешто што не е добро е всушност добро. Дека нешто што е полошо за нив дека всушност, после овој закон би било подобро. И се разбира, веднаш ќе ги кажам двете основни поенти или тези врз основа на кои се води дебатата поовој закон и на кој се спротивставуваат аргументите на власта и на опозицијата.

Имено, во недостаток на други аргументи за оние кој ги понуди опозицијата, дека не е добро да се врши пренамена во користењето на средствата од Солидарниот фонд, кој ги изфвојуваат и собираат пензионерите, значи, со нив да управува државата, односно Фондот за пензиско, а не самите пензионери, тоа е нашата основна забелешка и основно барање, тоа да не стои во законот, затоа што е на штета на пензионерите, Владата упорно се обидува да не убеди нас и јавноста, дека всушност им прави услуга на пензионерите. Всушност, земајки ги парите од членарината, од нивните раце, да ги користи самата Влада. Не знам само за каква услуга станува збор, или Владата си прави услуга самата на себе, затоа што ќе има повеќе пари на располагање, меѓутоа, за жал, туѓи пари, не владини пари. Пари кои пензионерите сами ги издвојуваат од нивните скромни пензии.

Втората теза, лажна теза, со која манипулира власта и со која се брани од опозицијата е дек ановодно ние не сакаме да го подржиме овој закон и со тоа ја оневозможуваме Владата која е многу ете, широкоградa и хумана и решила да ги зголеми пензиите за 10%, притоа, не водејки сметака дкеа за 100% им ги зголемила сите други давачки, даноци и цените на прехрамбените производи, комуналните услуги и т.н., кои пензинерите треба да ги плаќаат од своите мали пензии.

Значи, немојте да манипулирате дека СДСМ е против ваквото зголемување, напротив, ако вие сакате со овој закон да направите една добра работа за пензионерите, СДСМ сака да направи минимум уште една подобра работа, или две добри работи. Една добра работа повеќе од вас. Затоа, сакаме да ве предупредиме, не мора заслугата да се препише на СДСМ, битно е пензионерите за кого овој закон е наменет да ја почувствуваат таа корист. Значи, откажете се од решението да располага државата со средствата и со членарината на Солидарниот фонд на пензинерите. Затоа што ви кажавме и на почетокот на расправата, тргнете ја таа одредба, апсолутно нема никаква пречка да гласаме за и да дадеме подршка за овој закон. Немојте овие две работи да ги врзувате дека СДСМ наводно е против зголемувањето на пензиите. Никој со една нормална политичка логика, без разлика дали е опозициона или парламентарна, или вонпарламентарна, било која политичка партија, не би се осмелила да биде против такво нешто. Така што, не ви држат вашите обвинувања дека ние не сакаме да го подржиме овој закон за зголемувањето на пензиите, затоа што не е главната поента на која реагираат пензинерите, ако имате контакт со нив, ако ги читате нивните дописи до Собранието, затоа што една пратеничка вчера ни рече дека вашата пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ не е читателска дружина, не знам како има храброст такво нешто да каже кога знаае дека ја гледаат пензинерите во Македонија и дека нешто што е основна задача и функција на пратениците да ги читаат материјалите, да ги видат аргументите во овој случај на пензинерите на така арогантен начин поедини пратеници од ВМРО-ДПМНЕ да изјавуваат дека не читале туѓи писма. Но затоа пак велат дека пензинерите се нивни гласачи. Значи, немаат ни срам ниту малку политичка или било каква друга култура да кажат, барем тоа да го премолчат дека ова што го прават е гола борба за гласови. Наместо ова да биде борба на пратениците, на Владата, за да направат нешто добро за пензинерите, овде пратениците на ВМРО-ДПМНЕ отворено ни кажуваат кој калкулира, или кој смета на кој гласови и т.н. , што мислам дека е многу дегутантно и многу понижувачки за самите пензинери да бидат така третирани и да бидат гледани како бројки, како гласачки ливчиња, а не како луѓе на кој треба да им се обезбеди подобри услови за живеење, за сметка на она што тие додека биле во работен однос го издвојувале, за да можат тие бенифиции да ги уживаат сега како пензионери.

Мислам дека ова што го правите, токму со средствата од Солидарниот фонд е буквално морбидно. Морбидно е од неколку причини.

Прво, затоа што, како што реков ги гледате пензионерите како гласови, како гласачки ливчиња и отворено без срам калкулирате со тоа и второ, не знам што е пострашно, затоа што сакате да правите бизнис со парите кои пензионерите сами ги одвојуваат од нивните пензии за најлошото. Тоа е нависитна морбидно. Тоа е безобразно, тоа е без преседан, тоа е срамно за една Влада која се дкларира дека мисли добро за граѓаните на Република Македонија. Уште поморбидно е и пострашно е што во недостаток на други аргументи, сакајки да се пресметате со опозицијата, отворате уште фронтови и си ги правите најголеми непријатели самите пензинери, на кои сакате да им ги покачите пензиите затоа што велите дека средствата од членарината на Солидарниот фонд ги одземате од нив, затоа што тие не знаат да ракуваат со нив, или што е уште пострашно кажавте вчера отворено до говорницата дека наводно пензинерите манипулирале и ги злоупотребувале тие средства. Тоа е морбидно.

Третата работа, што исто така е морбидна е што вие можете по овој принцип и на вработените да им земате, да им задржувате дел од платите на граѓаните кои штедат во банките, да располагате, да управувате со нивните штедни влогови, затоа што можеби вие како Влада многу подобро знаете како да ги искористите тие пари. И наместо вие ако сте го решиле тоа така да го направите, да им понудите некоја друга стаисфакција, на пример

камата, што е многу нормално, ако сакате да располагате со туѓи пари, тогаш мора да им понудите некоја камата на пензинерите. Пазарна камата. Вие знаете Што сакате да направите, вие уште малку можеби Фондот за пензиско, или Министерството за финансии на ваков начин сакате да го направите некоја комерцијална банка на ВМРО-ДПМНЕ да користи туѓи пари. И наместо вие да им давате камата на пензионерите, затоа што ќе располагате со туѓи пари, вие за тоа располагање, можеби не знам, до таму ќе ви оди некоја идеа, од некој друг да барате камата за располагање со туѓи пари и на тие туѓи пари да заработувате камати. И тоа е морбидно. Навистина, непријатно да се разговара за вакви работи. Пензионерите се толку револтирани, што велат, каде ќе имоди душата на овие од Владата што ни прават ваква работа. Со тие пари што ги двојат самите за најлошото, вие им ги земате парите за да манипулирате, за да терате бизнис со тоа. Буквално сакате да си правите бизнис. И да знаете едно нешто. На секој човек, па и на пензионерите многу повеќе им вреди тоа човечко достоинство, значи третманот на државата кон нив, отколку било кој покачувања на пензии, па макар да се и 10%. Значи, има некои работи на луѓето што не можете да ги надоместите со пари. Им го нарушувате достоинството на луѓето. Ги правите недоветни, ги правите дека не знаат да размислуваат со своја глава. Сакате да им кажете дека Владата знае многу подобро што е подобро за пензионерите, отколку самите тие. Секоја логика говори дека секој подобно ќе управува и ќе ги користи сопствените пари, отколку некој друг во негово име. Секој тоа ќе го прави подомаќински, до колку се работи за негови сопствени пари. Зоштонемате доверба во пензионерите. Правевте кампањи пред 2006 за 8%, сега правите кампањи за 10% и се се сведува на тоа. Меѓутоа, кога се работи за уставните права за почитувањето на законите во оваа држава, тогаш воопштоне ви е гајле, газите преку се и без срам посегнувате по едно законско решение, кое веќе еднаш беше оспорено и падна на Уставниот суд на Република Македонија. Затоа се прашувамод каде таква смелост, од каде таква сила на оваа Влада покрај постоење на буквално пресудена работа, повторно со глава низ ѕид,предлага закон со исто решение кој веќе Уставниот суд го решил во корист на пензионерите. Зошто тоа го правите? Што сакате да докажете? Дали сакте можеби да најдете повторно некој виновник, да ги газите иснтитуциите во Република Македонија. Што ќе речат европските институции на тоа. Знаете дека веќе од сега се пишува наредниот извештај на Европската унија и после немојте да се чудите во очи на извештајот другата година да пеглате, да поправате некои работи. Таму ќе стои дека Владата не ги почитува институциите во Република Македонија, независните иснтитуции, на пример како што е Уставниот суд. Ајде Што не ги почитувате, пензионерите. Значи, јас опасноста не можам да ја видам кај пензионерите,опасноста ја гледам кај Владата која сака да ги манипулира и пензионерите, сака директно да манипулира и да ги злоупотребува нивните пари. И тешко си на таа Влада која опасност во државата, или виновник или непријател,како свој неприајтел или опасност ги гледа пензионерите. Не знам од што се плашите од пензионерите. Вчера реков, јас не видов дека сте обвиниле, сте пријавиле. Не знам имате 199 телефонски линии некој дека пријавил некој пензионер за злоупотреба, ако навистина имало злоупотреби. Вие сте власт, открите го тоа. Кој ви брани ако некој го прекршил законот вие да го откриете, вие тоа да го истражите и да поведете соодветна постапка за тоа. Меѓутоа, вие тоа не го правите затоа депласирани се вашите аргументи за наводни злоупотреби од страна на пензионерите. Повелете, докажете го тоа, институциите, инструментите на правната држава се кај вас, ако сакате навистина доследно и непристрасно да го применувате законот. Во спротивно тоа се само политички памфлети со кои манипулирате пред јавноста во недостаток на други аргументи. Меѓутоа, треба да водите сметка за така сериозни обвинувања дека некој нешто злоупотребил. Мислам дека е многу чувствително така лесно да етикетирате луѓе, поединци, или цели категории на луѓе.

Мислам дека сега приказнат ана ВМРО-ДПМНЕ, или подобро речено лагата, ќе се сведе на тоа дека еве опозицијата е виновна, после тоа Уставниот суд е виновен. Значи, постојано за секое прашање во државата, кога не ви одат работите вие си барате виновници. Сите не чинат, само Владата чини. А кога нешто треба дасе пофали, тогаш Владата самата се фали себе, тогаш успехот не го дели со останатите. Тоа не е одговорна Влада.

Мислам дека на ваков начин со вакви решениај во законот само докажувате дека немате концепт, дека немате добра волја, дека немате искрена намера да ги решавате пробелмите, туку си овозможувате инструмени во законот со кои оваа Влада сака да си оствари да контролира одредени процеси, институции и т.н.

Мислам дека ова кога тогаш ќе излезе на виделина оваа манипулација штоја правите дека и пензионерите ќе се огласат од своја страна, дека сите оние кои сфаќаат за што се работи ќе го кренат својот глас и на крајот работата ќе се реши во корист на пензионерите, дали од страна на Уставниот суд, дали Владата самата ќе се повлече не знам, меѓутоа битно е да не им ги ускратувате правата на пензионерите и битно е да не ги газите институциите и процедурите во оваа држава.

Затоа ве повикувам да го повлечете ова решение во законот, да не дозволите на таков начин да се создаваат закони кои не се во интерес на граѓаните или на одредени категории на граѓани, затоа што покажувате дека на ваков начин на сила, буквално сакате да си преточите во закон сето она што ќе си го замислите вие како Влада.

Значи, не водите сметка за пошироките интереси на државата, на граѓаните, туку гледате сето она што ќе си го замислите, имате глассачка машина, имате мнозинство, без да имате одговорност да го направите во форма на закон. Тоа не е реформа, тоа не е исполнување и чекор напред кон придружувањето на Република Македонија на Европската унија, затоа што на таков начин со такви законски решенија, не е битен само бројот на законите, битна е нивната суштина, битно е нивното спроведување. Ова е класичен пример каде што Владата не води сметка и со вакви лоши решенија само не оддалечува од Европската унија и покажува дека нема слух за интересите на граѓаните, туку се раководи од сопствени партиски политички интереси.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има господинот Миле Пачемски.

**Миле Пачемски:** Благодарам почитуван претседателе.

Господине Кондарко, јас сум навистина изненаден и збунет од вашата изјава, дека вие нема да го поддржите овој закон. Не можам да сфатам да се нуди едно законско решение кое ќе ги покачи пензиите на пензионерите, а вие да сте против тоа. И вистинската причина за тоа ја барате тоа што во овој закон пишува дека ќе се укине тој солидарен фонд. Не можам да сфатам, историјата се повторува, една политичка партија постојано да е против зголемување на пензиите, или пак намалување на пензиите и тоа од гласачко тело кое што во глобала ве поддржува вас. И, обратно, друга опција која што не добива поддршка од таква партија, од такво гласачко тело да се бори за тоа гласачко тело да им направи подобар животен стандард. Оваа наша дебата навистина предизвика голем интерес во јавноста и зачудува најголем интерес предизвика оној солидарен фонд за посмртни трошоци. Се работи за големи пари. Тоа се околу 7 милиони евра на годишно ниво, знаете сите вие дека сите тие пари не се искористуваат за посмртни трошоци. Дел од тие пари одат во други канали.

Утринава ние добивме едно известување од неколку пензионери од градот Скопје, од една општина во Скопје каде што ни презентираат навистина фрапантни резултати. Имено, тие солидарни фондови за кои што вие се борите да останат како што се, тие солидарни фондови и здруженија имаат раководни тела, имаат претседател, потпретседател, секретар, благајник. Кога ние ги видовме овие извештаи колку добиваат тие надомест за таа нивна работа, навистина многу сме фрапирани. Значи, надомест за нивната функција, надомест за хранарина, па и за патни трошоци. Значи, овде се работи за оние, како што велиме ние, злоупотреби на функциите. Доколку тие функции би се обавувале волонтерски, можеби е во ред. Меѓутоа, она што го добивме навистина за нас е фрапантно. На пример еден претседател на едно такво здружение да добива месечен надомест од 7 илјади денари, секретарот добива надомест од 6 илјади денари, благајникот да добива надомест од 6 илјади денари, членовите кои што се во тие управни одбори да добиваат за секоја седница по 300, или повеќе денари надомест. Значи, ова ако е точно, навистина ова не можам да го сфатам и гледам дека фактички вие во интерес на тие 100, 200 души што се во Република Македонија, значи вие ги загрозувате интересите на 280 илјади пензионери во државата.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Господине Пачемски, ние не се бориме за нешто што е неуставно, ние се бориме за нешто што е Уставно. И затоа ви велиме, не правете во Законот неуставни решенија. Тоа е едно. Второ, што вие ќе правите како држава со 7 милиони евра на годишно ниво? Реков, банка на ВМРО ДПМНЕ ќе правите, па ќе ги пласирате тие средства, ќе наплатувате камата, ќе правите бизнис со туѓи пари? Не можете вие да ги обвините пензионерите, затоа што некој паушал земале. Си имаат нивни органи, си имат нивни статут. Ако тие така се договориле, каде ја гледате тука злоупотребата? Како не ви е срам паушално да ги обвинувате луѓето. Повелете, докажете.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика госпоѓа Јаќимовска.

**Светлана Јаќимовска:** Благодарам претседателе.

Јас од дискусијата на колегата Кондарко освен што се занимаваше со Владата, вие вака, вие вака, морбидно, поморбидно ништо друго не разбравме во смисол на точката на дневен ред што е веќе четврти ден. Верувале, или не, точно е дека следат пензионерите, верувале или не, точно е дека и до вас се обраќаат, се обраќаат и до нас, верувале или не, дека од толку гледање, еве ова е најново од вчерашниот ден, исто така, од пензионери нешто поврзано со колегата претходно што ви реплицираше верувале или не дека се трошат само за тие паушали некаде повеќе од 3 илјади евра кои што ги користи претседател, заменикот и членовите на извршниот одбор, а не останатите членови кој што е најголем број во тие здруженија. Ова е реакција исто така од пензионери кои што сакаат да ставиме едноставно крај на оваа наша дискусија овде и да преземеме мерки, или ќе го прифатиме, односно ќе го донесеме овој закон онака како што е предложен, или со некакви измени и дополнувања, или едноставно да не дискутираме, затоа што верувале, или не, наоѓаат забелешки зошто на ваков начин ја водиме дискусијата. Она што велите: им се одзема. Ништо не им се одзема. Неколку пати и министерот кажа, некоку пати и колеги во дискусии и во реплики изнесоа дека всушност доколку одреден пензионер не даде изјава дека се согласува да му се задржува, нема задржување. Дали тоа ќе бидат 7 милиони евра, дали ќе бидат 2 милиони евра, или 15 милиони евра ние во моментов не можеме да знаеме, затоа што повторно секој пензионер ќе се изјасни.

И тоа е негово право да се изјасни и ако се изјасни ќе му се задржува, ако не се изјасни, нема да му се задржува и нема да се одвојува од тие средства.

Рековте во претходниот ден, не вие, меѓутоа се слушна како дискусија, се надевам и вие го поддржувате и во тоа сум убедена, луѓето, односно пензионерите користат за бањи. Добро е. Апсолутно го поддржувам и тоа. Меѓутоа, дали тоа го одредува самото здружение, дали е тоа на база на некакви документи итн. Тука не слушнавме. Сепак, би се задржала само на овој дел од она што вие дискутиравте. И навистина тоа е оној документ, апсолутно е тој документ што вчера револтирани пензионери го дадоа написмено.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам претседателе.

Почитувана колешке уште еднаш јавно ќе повторам дека ова што го правите е буквално морбидно, затоа што се осмелувате да посегнете по пари што ги издвојуваат самите пензионери за членарина, за нешто, за она најлошото. Вие да ги користите туѓите пари, тоа е морбидно и да правите бизнис со нив. И од кога во оваа држава јас не знам проблем се пензионерите? Тешко си на онаа Влада на која и се проблем пензионерите. Јас колку што знам Владата е преполна со финансиски афери за финансиски малверзации. Дали сакате и со овие пари да си правите некои рекламни кампањи? Здруженијата на пензионерите не се полни со афери Владата е полна со финансиски афери.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има господинот Васко Шутров.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседател, почитувани колеги, навистина сум разочаран од дискусијата на колегата Кондарко, прва на денешниот дневен ред. Во најмала рака заради тоа што е правник и иден се надевам надежен адвокат од кариера кој што мора да знае некои работи. По втор пат ни се случува во оваа четиридневна дебата за овој закон некој да прејудицира одлука на Уставниот суд, дури и да се заканува. Одлуките на Уставниот суд во принцип не се коментираат. Тој како правник тоа треба да го знае. Многу невкусно е да се прејудицира и со закана кон пратениците да им се сугерира како да се однесуваат спрема законот со претпоставена одлука на Уставниот суд. Сметам дека тоа правно гледано е изместена работа.

Второ, секој правник и да не ја говори вистината, треба вистината да ја знае. Тоа е исто еден принцип по кој што сите правници и идни адвокати треба да се водат. Од тој аспект членарината за која што зборуваме од 20 денари која што на секој пензионер во оваа земја му се запира и покрај тоа што голема маса пензионери не ни знаат дека оваа ставка им се запира од 20 денари. 1,6 денари се трансферираат и тоа со години наназад во Републичкото сојузно здружение на пензионерите, останатите 18, 4 денари сите овие години наназад се трансферираат кон општинските здруженија на пензионери. И не е само овој факт како бројка. Една почитувана колешка вели: пред бројките и аргументите и боговите молчат. И еве, во тој контекст да кажам уште нешто. Едно мало просечно здружение кое што нема да го именувам со 2500 пензионери освен оваа ставка од членарина која што изнесува годишно околу 740 илјади денари со кои што стопанисуваат овие општински здруженија, имаат во приходните ставки и приходи од кирии, од деловен простор 90 илјди денари, приходи од кирии од стамбен простор 240 илјади денари, приходи од спонзори или донации заради почит кон донаторите, или од други принципи, нема ни да ги спомнам. Навистина разочарувањето беше најголемо заради тоа што да се зборува за морбидност во еден контекст во кој што Владата планира во следниве три години да им ги покачи пензиите со новата методологија на пензионерите од 20 претпоставени проценти е навистина невкусно. Морбидноста не соодветствува сепак со третото старосно доба за кое што овие два дена дискутираме. Дискусијата ви беше и депласирана и крајно невкусна.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Вие можете да си бидете разочаран колку сакате. Меѓутоа, не како правник, како пратеник сте требале вие да знаете дека постои одлука на Уставниот суд. Не се прејудицира, таа постои. И знаете што? Никаде не пишува дека е забрането да се коментираат одлуките. Одлуките треба да се спроведуваат и да се почитуваат. А знаете уште нешто? Вашата Влада таа одлука што постои не ја спроведува. Тоа е трагедијата. Владата не ја спроведува таа одлука на Уставен суд. Вие уште малку ќе измислите и правило и одлуките на Влада да не се коментираат.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги, пратеници, почитуван министер.

Јас сосема кратко ќе се осврнам на оваа тема, бидејќи неколку дена веќе дебатираме и не би сакала да одземам од времето и повторно да бидам една од оние што ќе излезе премиерот и ќе каже дека тие во Собранието ги кочат реформите, тие во Собранието го кочат донесувањето на законите и дури не само што кажа после извештајот на Европската унија дека Владата одлично работи и дека се што е позитивно во извештајот се однесува на Владата, а се што е негативно во извештајот кој што го добивте од Европската унија се однесува на Собранието. И, не му беше доволно тоа за пред некој ден повторно да излезе, овој пат сам, се чудам како не со сите министри зад него онака како што практикува и да каже: знаете што, пензиите нема да ви се покачат, или нема да ви се покачат онолку колку што очекувавте, а за тоа се виновни

пратениците, бидејќи законот е заглавен во Собранието. Во тој период почитувани колеги пратеници законот не беше стигнат во Собранието. Истиот ден кога ја слушнав таа изјава, проверив, тој ден законот не беше во Собранието. Токму поради тоа апелирам до сите колеги пратеници од Парламентарното мнозинство со оглед дека предстои амандманска расправа да си ги соберат пратениците и да си обезбедат кворум онака како што треба, впрочем и за тоа се парламентарно мнозинство и пратниците од опозицијата да бидеме поконкретни во бранењето на амандманите, затоа што и какви аргументи да изнесеме и колку да дебатираме, ова парламентарно мнозинство нормално под сугестија на Влдата ќе го направи она што го сака, или како што би рекол мојот почитуван колега Трајко Вељаноски, ние сме власт и ќе си првиме тоа што ни се свиѓа.

Почитувани колегипратеници слушнавме дека ќе имало претпоставени 20% покачување на пензиите и тоа во наредните три години. Ако се сеќаваме на првата изјава на премиерот кога се сликаше со целата Влада околу покачувањето на платите и зголемувањето на пензиите беше кажано нешто друго. Ако го погледнеме законот, ако ги погледнеме сите оние дискусии и реплики кажани од пратениците на парламентарното мнозинство навистина ќе дојдеме до заклучок дека се работи за претпоставени 20% во наредните 3 години. Мислам дека е многу чесно министерот да каже за колку проценти точно ќе им бидат покачени пензиите на пензионерите. Иако верувајте никој овде не е против покачувањето. Апсолутно го поздравивме и покачувањето на платите во администрацијата, образованието, здравството, го поздравувме и покачувањето на пензиите. Но, ве молам, немојте да ги лажете луѓето. Кажете им еднаш што конкретно тие ќе добијат. А да не говориме дека и она што го добиваат ниту од далеку нема да му видат фајде и тоа само ако ги погледнеме нсловите кои што секојдневно ги име во печатените медиуми како што е “поскапа е храната”, “од Нова година на диета”, “Храната ќе поскапи и до 70%”. Почитувани колеги пратеници со едно покачување кое што ќе биде претпоставено од 20% во наредните три години сакаме да кажеме дека ќе им се помогне на пензионерите? Апсолутно нема да им се помогне. Тие ќе беа повеќе задоволни и да не го добиеја дури тоа покачување кое што ниту од далеку нема да биде толку колку што очекуваат. Ќе дојде први, ќе дојде Нова година и ќе стигнат пензиите, ќе видат колку ќе бидат покачени, отколку да мораат она што и за нив е најнеопходна храна: млекото, лебот, јајцата, да поскапат скоро за 50%. Тука Владата треба малку повеќе да се замисли.

И околу солидрниот фонд јас не би сакала многу да дискутирам, затоа што со денови се дебатираше. Очиглендо дека вие ќе го изгласате онака законот како што ви го доставила Владата, нема ниту за еден милиметар да се поместите, без разлика дали имате апел од здружението на пензионерите, не го слушате ни гласот на пензионерите, сте против организирањето, секакво организирање што не е во состав на Владата всушност вам и не ви треба никакво функционирање на невладин сектор, или било кое здружение кога сте на власт. Вас невладините сектори ви требаат кога сте во опозиција за да можете да организирате протесни митинзи и да ги блокирате патишта, а потоа истите тие луѓе да бидат наградувани со убави работни места. Оставете ги пензионерите сами нека си одлучуваат. Имало малверзации? Не знам кои ви се аргументите? Некој земал 6 илјади денари месечно и тоа била малверзацијата. Немојте, ве молам, колеги да кажувате нешто што навистина е смешно во споредба со 7 милиони евра кои што сакате сега вие да ги користите онака како што мислите дека треба да се користат. Ве молам, оставете им го тоа право на пензионерите. Тие го бараат тоа.

И уште сосема на крајот, се надевам дека брзо ќе го донесеме овој закон и со тоа ќе му ги избиеме сите адути на премиерот за да каже дека повторно е виновно Собранието.

Но, кога пензионерите ќе го видат чекот што ќе го добијат за јануарската пензија, апсолутно ќе им биде се јасно што се случува со нивните пензии. А, за солидарниот фонд, тоа најдобро ќе го почувствуваат но не дај Боже, никој не посакува ниту еден функционер многу брзо да го почувствува, затоа што знаеме за што е тој наменет. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Цветко Грозданов, повелете со вашата реплика.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

На почетокот сакам само да се извинам, затоа што ќе се послужам со речникот на СДС.

Како не ви е срам. Како не се засрамите. Вие ли најдовте да зборувате за законот?

Па, госпоѓо Топузова законот е во Собранието од 27 јули 2007 година, не е од вчера. Вие ли најдовте да зборувате за покачувањето на платите, на пензиите? Па, вие ли сте тие кои треба, вие треба да ја наведнете главата и да не ја кренете воопшто горо. Затоа што 8% им земвавте на пензионерите. И сега најдовте да кажете дека повторно се сомневате дали ќе биле покачени.

Вие секогаш гледате со некој скептицизам. Никогаш не гледате со оптимизам дека некој сака да помогне во државата. Дека некој сака да им помогне на пензионерите, дека некој сака да помогне на буџетарите. Вие секогаш ќе најдете нешто со што ќе кажете - да видиме, не е време, не е место. За вас никогаш не е време. За вас е време само да се укине нештото или да ги намалите пензиите, да им ги земете 8% на пензионерите.

На крајот на краиштата никој не зборува за малверзации од ВМРО-ДПМНЕ. Тоа го кажуваат ревизорските извештаи. Тоа се институции. Тие

институции, прочитајте, ќе видите што пишуваат внатре. Дека треба оваа Влада, кажа толеранција - нула, на корупцијата. Кажа дека ќе ги отстрани сите неправилности. Па и тој ревизорски извештај до колку има и покажува негативности, во било која сфера на работењето,денешно, на Владата, ќе се потруди да ги отстрани.

Мораме да тргнеме од некаде. Мораме да тргнеме. Не можеме секогаш да одолговлекуваме како што правевте. Вие секогаш немате време. Затоа сме во транзиција 14-15 години. Затоа немаме успех. Затоа државата ни оди вака како што ни оди. Затоа што никогаш со прогресивност не настапувате, само со некој песимизам. Така настапувате и денеска, како, па ќе се послужам со вашиот речник, како не ви е срам. И јајцата поскапеле. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Топузова Каревска Роза има минута контра реплика.

**Роза Топузова Каревска:** Не знам зошто би се срамела јас, ако оваа Влада дозволува покачување секојдневно и сега треба јас да се срамам што сум од опозицијата.

Од тие 15 години, почитуван колега вие сте седум години на власт.

(Реакции во салата).

ВМРО-ДПМНЕ е седум години на власт. Апсолутно. Четири години ВМРО-ДПМНЕ, две години во Експерската влада и еве ги уште две години.

(Реакции во салата, а претседателот предупредува на ред со ѕвончето)

Значи, немојте да ја лажете оваа јавност. Вие сте одговорни исто толку колку што и другите.

(Џагорот и дофрлањата продолжуваат).

И, што се однесува, не лажете, амандманот за покачување на пензиите кога стигна во Собранието? Да, законот беше, но оној дел што ги интересира пензионерите стигна после изјавата на пензионерот.

А “Главата горе” тоа ми се чини беше ваша парола. Па, ако мислите дека треба сеуште да ја држите главата горе, мислевте и во 2002 година, но народот го кажа своето каде трба да ви биде вашата глава.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот министер има збор. Збор или реплика господине министре?

**Љупче Мешков:** Нека биде реплика, објаснување е всушност околу законот, да биде појасно.

**Љубиша Георгиевски:** Јас просто заради квалификација, заради процедурата за што се јавувате.

Имате реплика.

**Љупче Мешков:** Само сакав да објаснам дека амандманот што беше, вистина како што кажува пратеничката, не знам колку дена има што е доставен, тој амандман не зборува, не кажува систем, односно не кажува процент колку ќе е. Кажува дека Владата ќе има можност над процентот кога ќе се врши системско усогласување да интервенира со одреден процент. Дополнителен процент. Меѓутоа, новиот режим на усогласување на пензиите до 50% од платите и 50% од трошоците на живот е составен дел ан Законот и тоа е доставено, како што рече три месеци или не знам колку порано, до самиот закон што е доставен во Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Топузов Каревска, контра реплика, една минута, повелете.

**Роза Топусова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе. Не ми треба ни една минута.

Почитуван колега, почитуван министер, Тоа беќе амандманот за кој што се сликаше Владата. Не говориме за различни работи. Немојте сега. Токму по повод тој амандман Владата се сликаше, вкупно сите министри дека ќе се покажат по 20%. Но, не ка1жавте тогаш дека тоа ќе бидт претпоставени 20% за наредниве три години.

(Реакции во салата).

**Љубиша Георгиевски:** Збор има госпоѓа Весна Вендевска.

Повелете госпоѓо Бендевска.

Молам за тишина, молам за тишина. Ве молам господо пратеници да ја чуеме Весна Бендевска, има збор.

**Весна Бендевска:** Благодарам претсеателе.

Сосема за на крај, мене ми е многу жал што останав во салата да дебатирам повторно по Предлогот на законот за измени и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, наместо да учествувам во конференцијата што веќе е во тек во хотелот “Холидеј Ин” каде што Канцеларијата за контакт помеѓу невладините организации и Собранието на Република Македонија ја организира на тема “Учество на граѓаните и граѓанските организации во процесите на креирање политики и донесување одлуки”. Таму требаше да учествувам заедно со колегата Николовски на тема “Какви се можностите и ситуацијата или што требаше да направиме за да може граѓаните непосредно да учествуваат во процесот на донесување на закони”. Активно да учествуваат во креирањето на политиката.

Жалам што во Република Македонија веќе 16 месеци граѓанскиот сектор, односно невладините организации, односно здруженијата на граѓани никој не ги слуша кога преде нас, како законодавен дом предлагаат измени и дополнувања на можни решенија што во овој период Владата ги нуди како готови решенија, без можност никој да влијае врз нив. А, во тоа сесрдно помогнати од вас господо пратеници од владеачкото мнозинство. Бидејќи никој овде, особено не господинот министер Мешков кој во ова рреме наместо да ја слуша дебатата од страна на пратениците, предпосатавувам има поважни решенија. Веројатно тоа е донесување

на овој закон без оглед на бројните реакции од најповиканите, од Сојузот на пензионерите на Република Македонија.

Гопсподине Мешков, до вас ќе ги доставам реакциите од сит здруженија. Во интерес на јавноста ќе читам, до Собранието на Република Македонија, до Владата, до Министерството за труд и социјална политика реагираат: Сојузот на здружението на пензионери од Виница, пензионерите од Карпош, пенционрите од Струмица, пенционерите од Ново Село, Здружението на пензионери од Берово, Гази Баба, Кавадарци, општина Кочани, Сојузот на здружение - Општина Центар, Скопје, општина Делчево, Дебар, Здружението на пензионери од Велес, Здружението на пензионери од Тетово, Чаир од Скопје, Здружението на пензионери од Пробиштип, пензионерите од Гостивар, пензинерите од Штип, од Крива Паланка, од Богданци,од Скопје. ќе бидам упорна и ќе ви ги дочитам докрај. Пензионерите од Кратово, од Кичево, од Крушево, од Куманово. Сите со иста цел да го тргнете решението што во овој момент го нудите низ овој Предлог на закон, солидарниот фонд да биде управуван од страна на Фондот за ПИОМ.

Ако не ги слушате најповиканите, кого треба да слушате? За кого го носите овој закно како претставник на Владата?

Господине Мешков, реагирале и пензионерите од Ресен, од Македонска Каменица, од Гевгелија, од Струга, Делчево спомнав и тн. Реагирале практично сите.

Ќе ми дозволите мала дигресија, како дојде до овој Предлог на закон. Се почна наспроти првичните реакции на Сојузот на пенционерите на Република Македонија во време кога минатиот пат бевте министер во Влада, предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Исто бевте министер за труд и социјална политика.

Кога на 13 јули 2001 година Управниот одбор на Фондот за ПИОМ донесе Одлука за сервисирање на солидарниот фонд на корисниците на пензија број 02/3690/1. Тогаш беше вашиот прв обид, на што здруженијата на пензионери реагира и поднесоа претставка до Уставниот суд за оценување на уставноста и законитоста. Судот, во октомври 2001 година донесе решение за запирање на извршување на дејствијата предвидени до оваа одлука, до негова конечна одлука заради, бидете внимателни ве молам, заради спречување на тешко отстранливи последици со нејзината примена, што значи овде Уставниот суд, до колку Фондот ги задржуваше средствата наменети за солидарна помош, Уставниот суд имплицираше за можни злоупотреби. Тука е лоцирана можната злоупотреба.

За да конечно, на 6 март 2002 година Уставниот суд донесе одлука за укинување на оваа одлука на Управниот одбор на Фондот за ПИОМ објавена во “Службен весник број 20 од 2002 година”. Дозволете накратко да го прочитам, во интерес на јавноста, бидејќи вие сосема добро го знаете, решението, односно образложението од страна на Уставниот суд.

Уставниот суд смета дека не постои уставна или законска забрана Фондот да ја врши таа дејност што е од интерес за пензионерите. Алфа и Омеха.

И сега, нормално ќе се јави со сво реакции најповиканот бранител на уставноста во овој законодавен дом, легендарната госпоѓа Дулиќ која сметаше дека иста ваква одлука, но до колку се донесе во 2007 година, ќе има уставност. За тоа, се разбира, таа ќе сноси одговоност. Барем доблесност или одговорност. После идната одлука на Уставниот суд.

Уставниот суд, говорам за 2002 година, исто така укажа дека Фондот за ПИОМ како парадржавен орган и здруженијата можат да влегуват во облигационен однос со таксативнмо наброени услови за собирање на средства и за начинот на нивно исплаќање. Значи, неспорно е правото на Фондот, врз основа на договор склучен со Сојузот на пензионери да врши и други работи, освен таботите утврдени со членот 160, предвиден во Законот. Ете, таква моментално работа врши. Им врши задршка, врз база на доброволна основа на секој пензионер, на име солидарен фонд и членарина и истите средства ги трансферира до сметките на здруженијата на пензионерите. Ова го вели Уставниот суд. Не ја спори одлуката што постои и егзистира помеѓу Фондот од една и здруженијата на пензионери од друга страна.

Се разбира, логично е, покрај вакви неспорни факти ќе следува и реакција од страна на министерот Мешков. Се надевам дека ќе има одговор и на овие наводи.

Во поглед на карактерот и значењето на солидарните средства за исплата на погребалните трошоци, Уставниот суд оценува, цитирам “При формирањето и функционирањето на солидарниот фонд, како ретко каде на друго место, јасно доаѓаат до израз принципите на хуманоста, социјалната сигурност, взаемноста и солидарноста”.

Од изнесените ставови на Уставниот суд недвосмислено произлегува дека односите помеѓу Фондот и здруженијата на пензионерите во врска со задржката на дел од пензиите за поглребни трошоци, можат да бидат уредувани со спогодба. И дека во тој случај Фондот не смее да го доведе во Прашање натамошното постоење и функционирање на солидарните фондови на здру1женијата на пензионерите. Читам одлука на Уставен суд.

Уставниот суд смета дека солидарните средства за исплата на погребални трошоци се во лична сопственост на пензионерите што се издвојуваат врз доброволна основа. Еве, потврдува и министерот, до колку камерите го заблежаа тоа. Пензионерите, преку своите здруженија се согласни на Фондот да му ги плаќаат трошоците за вршење на задршката од пензиите. Тие тоа и го прават. Што значи ова е една од дејностите од кои Фондот има некаква сметка.

Трето, обезбедувањето на средства од пензионерите за погребни трошоци е едеинствен пример во светот, затоа што во повеќето земји средства за таа намена издвојува државниот буџет. До колку Владата на Груевски во моментот се чувствува повикана да пензионерите ги тангетира како главна група кон која сака навистина да ја изрази својата намера за солидарност, хуманост и социјална правда, повелете господине Мешков доставете владин амандман согласно кој, од овој момент, Владата ќе издвојува средства од државниот буџет за погребални фондови во случај на смрт на пензионери.

Второ и најважно, Уставниот суд смета дека, имајќи го предвид фактот дека солидарните средства за погребни трошоци се обезбедуваат врз доброволна основа, со законот треба да се утврди дека задршката на делот од пензиите за таа намена Фондот може и смее да ја врши само врз основа на согласност на органите на здруженијата на пензионерите, односно пензионерските асоцијации.

Би прочитав колкав е бројот на здруженијата на пензионери кои не се согласуваат со таа ваша одлука.

Ценејќи го мислењето на Уставниот суд, Управниот одбор на Фондот за ПИО во 2003 година склучи Спогодба со Сојузот на здруженијата на пензионери и се договорија за натамошна задршка од пензиите за солидарните фондови. Со оваа Спогодба, вели Уставниот суд, има правно становиште и нема пречки Фондот овие прашања да ги уреди со спогодбено, со органите на пензионерската асоцијација и на тој начин да се надминат сите недоразбирања.

Значи, не ви држат наводите. Уставниот суд одлучил, дал мислење дека нема проблем до колку Фондот од една страна и Сојузот на пензионери од друга страна потпишат спогодба согласно која ќе го уредат начинот и постапката на задржување на дел од пензиите за солидарен фонд.

Пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи, господине Мешков овој Предлог на закон доставен од Владата, до колку сте подготвени да го избришете член 28 и, ми се чини 56 каде имплицира дека Фондот ќе ги земе незаконски средствата од солидарниот фонд на здруженијата на пензионери, подготвени сме за многу кратко време да ви дадеме поддршка на овој закон.

Во спротивно, ќе донесеме закон што ќе го скрши Уставот во темелните вредности. Тоа е правото на приватна сопственост. Правото на приватна сопственост е единствена основа за управување на имот и средства, исто така дел од Уставот.

И она што е најважно, темелната уставна претпоставка на слобода на здружувања на граѓаните, согласно која можат да донесуваат сопствени одлуки за сопствен имот, сопствени средства по сопствено нагодување. Не ја ставајте раката каде што не ви е место, не ја ставајте раката во средства кои не се ваши. Се разбира, се однесува на Владата. Имате време, имајте доблест, да не се доведуваме до ситуација да го нарушуваме и онака нарушениот углед на ова Собрание, да ви аминува закон маркиран со европско знаменце кое ќе го оспори Уставниот суд на Република Македонија, бидејќи не постои закон во Европската унија кој оди против принципите на правото на приватна сопственост. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот министер за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Колешката Бендевска и другите колеги да не се мачат да докажуваат дека здруженијата се против ова. Точно е тоа дека се против здруженијата, тоа цело време го зборуваме. Кој коската ја фатил во уста, ја стиснал јако, ќе ја испушти. Нормално дека тие се против. Ние зборуваме да ни покаже еден допис од пензионер, обичен пензионер кој ниту знае дека од пензијата му се запира членарина, затоа што ниту знае човекот дека е член на здружението на пензионери. Верувам дека за солидарниот фонд знае, но никој не го прашал дали тој се согласува да му биде скратено од пензијата. Како би реагирала колешката кога некој утре ќе и скрати од платата, да речеме еден извесен износ, а таа да не знае, никој да не ја прашал за тоа. Не знам како би реагирала тогаш во таква ситуација.

Прашува зошто го носиме и за кого го носиме овој закон. Овој закон го носиме не на тие сто, петсто или илјада луѓе кои се во извршните одбори кои претходно ги спомнав. Овој закон го носиме за пензионерите, за обичните луѓе кои како што реков ниту знаат дека им се запира членарина од нивните пензии. Овој закон го носиме за да постапиме по укажувањата на Државната ревизија, на која колешката често пати се повикува како на орган кој треба да се почитува, неговите одлуки мора да се спроведуваат, а таа ревизија во 2005 и 2006 година, кога ја вршеше во фондот, стои во извештајот, нека погледне, вели дека Фондот понатаму без законско регулирање на овие работи, не законски задржува од пензиите и Фондот не може понатаму тоа да го прави. И чудо е, и не е во ред што и досега го правел сиве овие години, но барем од сега натаму тој не смее тоа да го прави.

Сега јас како правник, колешката мислам дека е правник ако не се лажам, на што повикува? Ако остане ова законско решение, таа повикува дека со одлука или спогодба може 7.200.000 да им се земаат на пензионерите, особено ако за тоа немаат ниту согласност дадена, значи може и тоа да се прави и сосема е во ред за неа, без донесен закон со кој ќе се рагулираат овие односи дека и понатаму треба да се продолжи ова да се работи. Ако сме сите за правна држава, тогаш дајте да се заложиме сите за правна држава, да постапуваме на постапувањето на Државната ревизија која што направила извештај, сите работи што ги правиме да не ги правиме на диво, туку да ги правиме согласно законот, онака како што сме регулирале

со законот. За тоа се залагам јас, за ова се залага оваа Влада. Ако некој друг се залага нешто што не е регулирано и е матно да продолжи и понатаму, нека каже.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓо Весна Бендевска контрареплика една минута, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Бидејќи министерот Мешков грубо ја манипулираше јавноста дека не постојат реакции од страна на Сојузот на здруженијата на пензионери - господине претседател, до вас ги доставувам сите дописи од здруженијата и одлуката на Уставниот суд.

Ве молам, заштитете го угледот на Собранието во оној момент кога донесува значајни одлуки и закони кои се однесуваат на една толку голема групација како што се пензионерите во Република Македонија.

Барам од вас пауза да ги доставите до сите пратеници, особено до владеачкото мнозинство (реакција со зборовите: “Имаме”), за да не бидат доведени во заблуда кога ќе гласаат.

(Реакции во салата)

**Љубиша Георгиевски:** Тишина ве молам.

**Весна Бендевска:** И ве молам, активно учествувајте еднаш навистина да бидеме дом кој ќе успее да се надмине себе си и кој согласно своите уставни определби ќе претставува бедем односно политички контролор на Владата на Република Македонија односно на извршната власт. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема пријавени повеќе за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Бидејќи немаме кворум, давам 15 минути пауза за да се создаде кворум.

За време на таа пауза ги задолжувам службите да ги поделат сите овие материјали...

(Реакции со зборовите: “Имаме”).

Кој има има, не е страшно да имаат и два примерка.

Ги молам службите веднаш по паузата од 15 минути да достават точен број на присутни пратеници.

(Пауза започна од 12,37 часот)

(По паузата седницата продолжи во 13,12 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места, бидејќи ќе продолжиме со работа.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(До 13,39 часот претседателот повеќе пати ги повикуваше пратениците да влезат во салата, а службите повеќе пати го утврдуваа бројот на присутни пратеници во салата додека не се создаде кворум за работа и гласање).

Продоллжуваме со седницата.

Дозволете ми да го прочитам уште еднаш заклучокот за кој ќе гласаме непосредно сега.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 53, воздржано 7, против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 53, воздржано нема, против 6.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за додавање нов **член 58 по членот 58** и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Светлана Јакимовска поднесе амандман на член 28 во новиот член 130-б став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Јани Макрадули, Славица Грковска, Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Оливер Спасовски и Весна Бендевска поднесоа амандмани за бришење на членовите 28, 43, 44, 55 и 56, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Оливер Спасовски и Весна Бендевска поднесоа амандмани на член 8 став 1; член 18 став 2 и за бришење на членовите 32 и 58, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Оливер Спасовски, Славица Грковска и Весна Бендевска поднесоа амандман за бришење на член 31, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Оливер Спасовски, Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Славица Грковска, Ацо Киров, Марјанчо Николов, Игор Ивановски, Верица Филипова, Влатко Серафимов и Весна Бендевска поднесоа амандман за додавање два нови членови 56-а и 56-б по членот 56, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Оливер Спасовски, Борис Кондарко и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Амандманот не се прифаќа од причина што ако се избришат зборовите “повеќе од 50%”, тогаш ќе зборуваме исто како и во ставот 2 за загубена работна способност, а овде во ставот 1 зборуваме за преостаната работна способност и токму поради тоа нема да има логика самата одредба. Затоа, амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Околу амандманот кој што се однесува на членот 8, прво да истакнам дека навистина ми е жал што во текот на денешниот ден колегите од позицијата се обидоа нешто што со законот се влошува во однос на условите на пензионирање, да се обидат да го направат како нешто позитивно што го прави оваа Влада и дека наводно некои не се грижеле или не сакале да се покачат пензиите на пензионерите во Република Македонија.

Токму тоа е трикот на овој закон, две лоши работи ќе вметнете во законот, ќе ставите една добра и Владата тука ќе не прозива постојано како пратеници дека наводно сме биле против зголемувањето на пензиите на пензионерите или дека тие многу се грижеле за правата на пензионерите,притоа употребувајќи дури и тешки зборови од типот “како не ви е срам” или нешто слично.

Колеги пратеници од владеачкото мнозинство, би ве замолил земете го законот, прочитајте го овој член на кој е поднесен амандманот и потоа да дискутираме колку вие се грижите за правата на идните пензионери.

Со овој член Владата и владеачкото мнозинство предлагаат дека за да се прогласи инвалидност кај одредено лице е потребно Комисијата да утврди дека постои инвалидност на повеќе од половина на неговите психички и физички способности, а дека постојното законско решение е дека едноставно се утврдуваше инвалидност. Тука се зборуваше за намалена или загубена работна способност и немаше граница да биде повеќе од половина инвалидноста на одреден иден пензионер, за да може да оствари одредени права од Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Во делот на општата расправа разговаравме со министерот и го прашавме како точно ќе се утврди што значи половина намалена работна способност, кои се тие критериуми. Тој се повика дека тоа ќе го вршат стручни лица итн. Но ваквото решение во пракса ќе создаде многу проблеми кога некој ќе сака да оствари права на пензиско и инвалидско осигурување по основ на инвалидност. Што ако Комисијата прво донесе одлука дека осигуреникот не е повеќе од половина инвалид, дали тоа нема да влијае на неговата способност да извршува одредени работни задачи. Нека ми одговори министерот. Зборуваме генерално за сите работни места, а потоа ќе зборуваме и за конкретни работни места. Што ако Комисијата утврди дека некој е помалку од половина неспособен да извршува одредена задача, дали тогаш тој не е инвалид на трудот. На кои норми се повикуваат кога ова го земале “една половина”. Каде постои таква пракса? Нека одговори.

Господине министре, во Република Македонија не се создадени услови ова да се применува. Вие правите директен упад во правата на осигурениците да можат да остварат право на пензиско и инвалидско осигурување со тоа што ја внесувате оваа одредба.

Понатаму, доколку се утврди дека осигуреникот е повеќе од половина неспособен за извршување на одредени работни задачи, ќе се здобие со статус “општа неспособност за работа” или “професионална неспособност за работа”.

Би го запрашал министерот што значи, која е разликата од “половина и повеќе” до “целосна неспособност за работа”.

Понатаму, ако утврдат повеќе од половина неспособност за работа, осигуреникот има право на професионална рехабилитација. Кога ќе го пратите на професионална рехабилитација, под услов да има помалку од 50 години, никој не му гарантира дека ќе се врати на своето работно место, ќе прима една година надомест од Бирото за вработување и ќе го загуби работниот однос. Значи еве уште едно прашање каде има вакво решение, луѓето да ги испраќате на Бирото за вработување. Дали тоа не е рестрикција на правата на осигурениците или вие повторно се борите многу за нивните права. Значи луѓето, покрај тоа што ќе ги прогласите за инвалиди, уште и ќе ги избркате од работа со ваквите решенија. Па објаснете ми, ако е под 50 години, има половина и повеќе неспособност за работа, тука во членот јасно стои дека тој една година ќе прима надомест од Бирото за вработување и потоа никој не му гарантира дека ќе се врати на работното место. И што ако помалку од пола е неспособен за работа, дали тоа не значи дека не може да ја извршува работната задача. Ги бришете одредбите каде што можеше да се прераспредели на полесно работно место или да работи со скратено работно време. Директно ги намалувате правата на осигурениците. Така се грижите за нивните права!

Со овие решенија во однос на инвалидноста вие правите голема рестрикција во Фондот и во правата на осигурениците. Целиот закон е на принцип на намалување на правата на осигурениците. Членот 61 кој што го избришавте и кој што не го објаснувате во образложението на законот, го избришавте правото инвалидите на трудот по основ на стечај да можат да користат бенефиции од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија до повторно вработување или до заминување во пензија. Многу луѓе по тој основ остварија право на

пензија. Само во Велес од Топилницата повеќе од 200 луѓе го искористија. Сега го бришете тоа право. Значи повторно многу наводно се грижите за правата на осигурениците.

Затоа колеги пратеници, да не ја носите одговорноста за ваквите лоши решенија во Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, подржете го амандманот, не може некој да си земе за право повеќе од половина да утврдува инвалидност и тоа да биде основа за остварување на правата. Дури, можеби некогаш и помала инвалидност од половина значи неспособност за вршење на одредена работа, а Владата и вие ако аминувате, го бришете правото потоа некој да биде распределен на полесна работна задача или да работи со скратено работно време. Ова е директна рестрикција на правата на осигурениците и на тој начин навистина испаѓате контрадикторни со она што го зборувате дека многу се грижите за нивните права, а во суштина со секое законско решение ги намалувате и скратувате.

Затоа ве повикувам како колеги, поддржете го овој амандман. Навистина ќе им ја олесниме положбата на оние осигуреници кои поради извршување на своите работни задачи ќе се здобијат со инвалидност, а правата не можат да ги остварат, ако Комисијата ги прогласи дека се помалку од половина со инвалидитет. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Цветко Грозданов има реплика.

Министерот се јави прв за збор, потоа за реплика Грозданов Цветко и Пачемски Миле. Така е редоследот.

Повелете господине министре имате збор.

**Љупче Мешков**: Не, се јавив за реплика. Се јавив да дообјаснам некои работи и верувале или не, навистина сакам да полемизирам со луѓе што го прочитале текстот на законот и кои што се гледа дека се интересирале да видат и во што е разликата во старото и во новото решение, а разликата е следната: Значи сега, во првиот став се регулира преостаната работна способност, каде што не се добива пензија, а во вториот став се регулира загубена работна способност, каде што е потполна и трајна и се добива инвалидска пензија.

Во првиот слчај, сега, во сегашнава ситуација, немаше мерило, повеќе или помалку од 50%, што значи дека човек, еве сега да земам пример му е исечен еден прст на машина, тој човек нормално ќе му речевме дека е инвалид на трудот и требаше да бара преместување, или скратено работно време. Значи, правевме од човекот инвалид, а не човек кој што треба да се рехабилитира и да се задржи во процесот на работата. Значи, ако е под 50% намалена, тогаш кај него нема право пооснов на преостаната, туку си останува, се смета дека тој може со успех да ги врши работите и задачите на кој е во моментот. Значи, нема негово преместување на друго работно место, или работа со скратено работно време. До колку е над 50%, во тој случај се признава правотона професионална рехабилитација и се врши напори од страна на Фондот и на работодавачот, тој човек да се оспособи, рехабилитира да остане во процесот на работа на друго работно место, илисо скратено работно време.

Прашањето што го поставува, што ако работодавачот не, тоа е веќе работа за правниот систем, има судови, има начини како и кај други права. Што ако некому не му признае право. За тоа си има постапка, си има процедура, си има судска постапка и т.н.

Ако овој човек кој што има намалена работоспособност над 50%, а е над 50 години, тогаш автоматски му се признава право на инвалидска пензија, затоа што професионалната рехабилитација и за маж и за жена се обезбедува до 50 години. Значи, мерилото е само обид, едно мерило кое што стручните експерти ќе знаат да го ценат. Тоа впрочем е пракса и во други држави, јас ги набројав кои се тие, значи, човекот да не го прогласувам инвалид на трудот, туку професионално повеќе да го рехабилитираме да остане во процесот на работа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Марјанчо Николов, претпоставувам контра реплика, повелете.

**Марјанчо Николов:** Значи господине министер, многу убаво објаснивте дека фактички вршите рестрикција на правата на осигурениците. Примерот со ако некој работник си го пресече прстот и ако не го прогласат над 50% инвалид, значи останува во работниот процес, а нема право на скратено работно време и нема право на прераспределба на друго работно место, што ако поради тој инвалидитет не може да ја извршува работната задача. Ќе си оди од работа? Ќе го избрка работодавецот? Значи, ако до сега постоеле решенија каде што немало една половина, е многу јасно дека било поповолно за осигурениците и навистина, имале можност во тој случај да си остварт одредени права. Вака, вие со владино решение и со амин на мнозинството ќе им ги ограничите правата на осигурениците по основ на инвалидност, што ги остваруваа до сега со постојниот Закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Цветко Грозданов има реплика.

Повелете вашите три минути.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе, јас на почетокот реков дека нема да земам збор, но еве испровоциран се јавив повторно за збор. Мислам дека повеќе нема да се јавувам, но ќе напомнам дека во ерата на компјутеризацијата кај општеството, денес некој да прашува каде може да се најде сето тоа, можеби треба да донесеме и за господинот Марјанчо ваучер тука, за даземеме еден компјутер за интернет.

Господине Марјанчо го имате во Бугарија, го имате во Хрватска, го имате во Словенија.

Седнете на интернет и многу лесно можете да дојдете до податоците за Законот за пензиско и инвалидско осигурување, ќе видите дека исто вака се решени, потполно исто се решени во овие три држави, кои можеме да кажеме дека се дел од Европската унија.

Но, околу она што се нарекува работоспособност, или намалувањето на работоспособност, не правиме разлика помеѓу инвалидитет, значи, траен инвалидитет и не правиме разлика помеѓу намалена работоспособност.

Со намалувањето на работоспособноста над 50%, предизвикува неможност на поединецот да ја врши максимално добро работата и работната задача на своето работно место.

Во ситуација кога имаме помали физички повреди, кои што остануваат со одреден инвалидитет, но не значи делуваат на успешноста на изведувањето на работата, ние не можеме тука да дадеме можност за инвалидска пензија кај осигуреникот.

Мислам дека неговотоизлагање и поднесувањето на овој амандман, воопшто не би бил продуктивен за самите осигуреници. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот Марјанчо Николов има контра реплика, повелете.

**Марјанчо Николов:** Да, значи во недостиг на аргументи колегата се обиде да не навреди.

Господине Цветко Грозданов за разлика од многу ваши колеги од вашето владеачко мнозинство, јас го имам завршено своето образование и не ми следат ваучери, така да нема потреба да се грижите околу тоа. А околу правата сами себе се демантирате во дискусијата дека ако некој има инвалидитет, а вие си зедовте за право да речете, ние не можеме да му дозволиме. Кој сте тоа вие? Кажете сега кои сте тоа вие, што не им дозволувате да остварат одредено пензиско и инвалидско осигурување. Многу јасно сам се откривте пред јавноста.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи е скоро 14,00 часот, сега е на ред прекинот за ручек.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,06 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 8, став 1, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Оливер Спасовски, Борис Кондарко и Весна Бендевска.

Реплика има господинот Миле Пачемски.

**Миле Пачемски:** Благодарам претседателе.

Значи, мојата реплика на господинот Марјанчо Николов се состои во следното.

Со предложениот закон имаме редефинирање на поимите за инвалидност. Значи, според тој закон постои општа неспособност за работа кога осигуреникот оди во пензија, или пак професионална неспособност за работа. Сега според поднесениот амандман од господинот Николов се вели дека, кој е тој што ќе оцени субјективно дали некоја работоспособност е намалена за 50%, повеќе, или помалку? Постои лекарска комисија составена од специјалисти кои што добро си ја знаат работата и каде што субјективноста е сведена на минимум. Имено, таа лекарска комисија оценува врз база на медицинска документација за секоја болест, за секое нарушување на здравјето кај осигуреникот постојат релевантни докази кои што се базираат врз база на некои медицински апаратури. Така што таа лекарска комисија оценува, дали некоја болест, или оштетување на здравјето на осигуреникот настанало трајно, малку, повеќе од 50, или помалку од 50. На пример, да кажам еден пример, доколку има осигуреник кој што работел во услови на зголемена бучава и каде што ќе има оштетување на слухот кај тој осигуреник, значи точно се знае дека тој ако сака да добие пензија оди на Комисија, таа Комисија го испраќа на специјалист аудиолог, таму подлегнува на испитувања како што е аудиограм и точно се оценува графиконот на неговиот оштетен слух, дали е нормален, дали е трајно загубен, или пак во кој процент е загубен слухот. Значи, врз основа на такви релевантни показатели објективни показатели, а не субјективни ќе се оцени дали кај пациентот имаме над 50% или под 50% нарушена работоспособност. И врз основа на таков наод ќе се даде мислења дали тој е за промена на работно место, или пак не е за промена на работно место.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Значи, господине Пачемски, очигледно дека колку и да се обидувате да ја испеглате работата со овие измени на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, нема да успеете. Тука имате две работи. Прво, ако се утврди инвалидност под 50%, под една половина под 50%, нема право потоа работоникот да биде прераспределен на друго работно место, или да работи со скратено работно време. Така што му ги укинувате правата. Што ако таа инвалидност го оневозможува да ја врши таа работа што веќе ја вршел, а нема можности да добие друга работа.

Втората работа, комисиите кои што ќе ја проценуваат инвалидноста и неспособноста за работа е заштеда на Фондот. И јасна е интенцијата на Фондот, бидејќи Фондот тешко обезбедува средства да го намали приливот на пензионери за да може да функционира. Но тоа треба отворено да им го кажете на граѓаните и затоа се обидувате со рестриктивни мерки да ги ограничите правата на осигурениците.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Ова е еден од амандманите за кој што говорев и во општата расправа по Законот за измени и дополнувања на Законот за пензиско и инваллидско осигурување. Тогаш укажавме на некои нелогичности за кои што тогаш дискутирав во делот на примената на одредбите кои што се однесуваат на утврдувањето на инвалидноста и користењето на надоместок за инвалид на трудот, за оние лица кои што ќе бидат прогласени за инвалиди на трудот.

Навистина морам да кажам дека одредбата вака како што е во членот 8 во кој што се зборува за инвалидност кога постои, дека е тоа над 50% загубена работната способност, нормално ќе се утврди од одредена соодветна комисија која што тоа ќе го утврдува. Се поставува прашање, што со оние лица кои што имаат до 50% работна неспособност. И тоа ќе го оцени Комисијата. Меѓутоа викаме дека во тој случај нема инвалидност. Нема инвалидност, затоа требаше да постојат другите мерки кои што ќе овозможеа соодветниот работник дали на постоечкото работно место, или после професионалната рехабилитација ќе добие друго работно место во кое што ќе може да ги користи бенефициите кои што му ги нуди Законот за работни односи, скратеното работно време, преместување на друго работно место итн. И тогаш во таа дискусија ви кажав дека Закионот за работни односи во овој момент содржи одредба која упатува на прописите од пензиско инвалидско осигурување. Од тој аспект сметавме дека во овој закон не треба да се бришат тие мерки кои што ќе ги обезбедат луѓето на кои што ќе им се утврди инвалидност, односно работна неспособност до 50% или повеќе од половина, заради тоа што очигледно е дека ќе се применат, или воопшто прописите кои што се однесуваат на пензиско инвалидско осигурување во Република Македонија се рестриктивни прописи. Мора да се бараат механизми веројатно потикнати и од дефицитот кој што го имавме, пензискиот систем во Република Македонија постојано како и до сега и сега околу 50 милиони, навистина да се најдат начини како тоа да се надополни. Меѓутоа, оваа категорија на луѓе не може да ги оставиме на работ на сопствената егзистенција со самото тоа што Комисија која што работи во состав на Фондот би била многу рестриктивна, или ќе е повеќе рестриктивна за секој случај поединечно се со цел за да ги намали овие трошоци кои што би можеле да престанат во државата, а за сметка на тоа работодавачот во Република Македонија и сега и понатаму ќе бара работници кои што ќе можат да ја извршуваат работата и работните задачи на работно место кое што е пропишано. Значи, ако кај било кој вработен во било кое претпријатие, па нека е и во државната администрација се утврди дека има работна неспособност до 50%, тоа не е мала работна неспособност, не е работна неспособост со која што нормално би функционирал тој и после завршување на таа професионална рехабилитација од 12 месеци. Може да се случи и најверојатно тоа ќе биде случај голем број на вработени кои што од било кои причини имале работна неспособност, дали преку повреда, или стекнато заболување како резултат на работењето да ги оставиме работодавачот да одлучува дали во тој момент може да ги исполнува обврските, ако не ги исполнува на соодветен начин заради тоа што со ваквото решение со неможноста да ги користи механизмите од Законот за работните односи заради тоа што со овој закон и со сите прописи во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување сме ги укинале овие мерки, не може да биде со скратено работно време, не може да го промени работното место соодветно на неговата болест, ќе бидат соочени со тоа работодавачот да одлучи тие да бидат отстранети од работниот процес и да им престане работниот однос. Од тој аспект и тогаш говоревме дека ваквите законски решенија иако се применливи во други европски држави, иако има согледување и препишување на оваа европска регулатива, тоа мора да го напрвиме на наши македонски услови на нашиот систем кој што функционира во Република Македонија. Инаку, единствено нешто што ќе се направи со ова ќе биде на штета на работниците, како и многу други законски решенија кои што ги носиме, или одлуки Владата во овој период се рестриктивно врз товар на грбот на граѓаните. Токму заради тоа мислев дека со овие аргументи кои што ги понудивме и тогаш пред измената на Законот за работни односи каде што се создава ваква можност, а не се до крај дефинирани работите да остане и мислев дека навистина ќе го прифатите овој амандман се со цел да им излеземе во пресрет на овие граѓани кои што постојано се јавуваат секој ден, или до сега се оценети како работно неспособни. Затоа ги повикувам колегие од ВМРО ДПМНЕ и коалиционите партнери да го поддржиме овој амандман се со цел да допринесеме создавање на нормални услови за функционирање и применливост на законските норми не на грбот на граѓаните, заради тоа што навистина нема да можеме многу да помогнеме во намалувањето на дефицитот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување ако направиме рестрикции во делот на овие лица кои што се со работна неспособност до 50%, а законот нема да им овозможи да бидат инвалиди на трудот.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе.

Јас сакам накратко како еден од предлагачите на амандманот уште еднаш да укажам на некои сериозни околности кои би настапиле како штета, кои би биле последица по однос на правата на одредена категорија на работници кој ги предвидува овој член 8 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Имено, многу е жалосно

што Владата, ние разговаравме и во општиот претрес по законот, удира по грбот на оние кои се најнезаштитени, кои се најонеправдани во нашата држава, тоа се работниците и пензионерите. Од една страна говоревме дека Владата прави упад кај пензионерите. Сега еве, гледаме дека со вакви одредби во членот 8 кои ја регулират инвалидноста ги скратува правата на работниците со намалена работна способност, односно со инвалидност. Во целата таа игра на Владата се одразува на штета на работниците. Нив не ги интересира каде и во кој закон вие ќе ги предвидите правата, нив ги интересира да можат да си ги остварат нивните права, значи, државата да им се оддолжи за она што им следува, за она што тие го работеле. Вие велите дека овие права кои дефакто ги укинувате за оние како што сте го дефинирале во законот, за оние лица кои нема да им биде прогласена инвалидност повеќе од половина. Значи, што правиме со оние кои, да речеме 40%, 45%, 47% лекарската комисија врз основа на соодветни критериуми ќе им определи степен на нарушена неспособност, или инвалидитет. Како тие и кој ќе ги заштити нив, ќе си ги остварат своите прва. Каде се правото на професионална рехабилитација, надоместок на разлика во платите, надоместок за скратено работно време, до полното работно време итн. Значи, оние права за кои велите дека ќе произлезат од Законот за работни односи, меѓутоа, Законот за работни односи упатува на овој закон, а вие од овој закон наместо да правите нешто подобро за оваа категорија на работници, вие им ги кратите и тие мали права што ги имаат. Значи, со усвојувањето на ваква одредба во Законот ќе се створи во најдобар случај правен вакум. Одредена категорија ги доведувате во нерамноправна положба оние што имаат прогласена инвалидност под 50 и над 50%. Прво, тоа не е во ред од уставен аспект. Понатаму, еве што правиме, не можеме однапред да ви веруваме, или и да имате таква намера да го смените законот за работни односи, тоа да го предвидите за овие дополнителни права, не знаеме кога ќе се случи тоа. Што правиме со оние работници кои во меѓувреме треба да ги остваруваат правата. Врз основа на кој закон ќе ја бараат и судската заштита.

Овде имате една недоследност. Не знам од кои причини го предвидувате ова вака, меѓутоа не е во ред да ги кратите правата во овие ситуации да не можат работниците подеднакво да ги остваруваат своите права.

Затоа го поднесовме овој амандман. Мислам дека во една ваква ситуација, кога би го отстраниле зборот “повеќе од половина”, сите оние кои имаат прогласено одреден степен на инвалидитет да можат, согласно тој степен да си ги остваруваат правата. И. се разбира, да ги вратите овие права што сега ги укинувавме, за кои говоревме, кои им следуваат на работниците.

Во спротивно, не знам како мислите да излезете пред граѓание, како мислите да го правдате овој рестриктивен закон и дали, во чиј прилог тоа оди? Зошто така очигледно Владата на себе си навлекува цела една категорија на рботници. Во чие име, практично, Владата работи? За што ги носи законите? За да биде подобро на работниците или за да биде полошо?

Не добивме одговори. А се надевам, во текот на расправата ќе има чувство министерот да се вклучи и да ни ги даде потребните одговори или евентуално да го прифати нашиот амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам сите пратеници присутни во Собранието да влезат во салата, затоа што не очекува гласање.

Ги повикувам претениците што се во Собранието да влезат во салата и да ги заземат своите места, затоа што треба да гласаме.

(Пратеници влегуваат во салата).

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат  точен број на присутни пратеници во салата).

(Во меѓувреме влегуваат и други пратеници во салата).

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници).

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, за гласале 7 пратеници, воздржано гласале 2 пратеници, против гласале 44 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на  член 18 став 2, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Оливер Спасовски, Борис Кондаркои Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министер Мешков, повелете.

**Љупче Мешков:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Овој амандман Владата го прифаќа, според тоа текстот на амандманот станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 28, во новиот член 130-б став 2, поднесен од пратеникот Светлана Јакимовска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Мешков.

**Љупче Мешков:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата го прифаќа амандманот.

Според тоа, текстот на овој амандман станува составен дел на текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 28, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Славица Грковска, Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Оливер Спасовски и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот министер Мешков, повелете.

**Љупче Мешков:** Амандманот не се прифаќа, заради тоа што ако ваква глава нема во законот, тоа значи дека и понатаму регулативата треба да оди со одлука или со спогодба, што е спротивно на укажувањата и на државната ревизија и воопшто од Уставниот суд, дека законска основа треба да има до колку ова функционира.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Повторно се обидувате, господине министер, не сакам да бидам претенциозна, се обидувате да избегате од вистината.

Уште на 26 јуни, со свој допис Претседателството на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија упати допис до вас, каде што ви предлага во членот 160 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување каде што се детерминирани, фактички, надлежностите на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, после алинејата, ми се чини 12 алинеи постојат, а се додаде нова алинеја што ќе гласи “Фондот освен другите ингеренции и надлежности врши задршка од пензиите на корисниците на пензија кои се членови на здруженијат за солидарните фондови на здруженијата (средства за закоп и за членарина) во висина која сами ја утврдуваат сојузите на здруженијата на пензионерите. Начинот на сервисирање на овие средства ќе се регулира со меѓусебна спогодба помеѓу Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и сојузите на здруженијата на пензионерите”.

Апсолутно не држи вода веќе вашето објаснување дека за да може да има законска основа за функционирање - ве молам да обезбедите услови за работа.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам да се сослушаме.

Повелете, продолжете.

**Весна Бендевска:** Значи со една проста интервенција во постојниот закон ќе му дадеме дополнителна надлежност на Фондот да може да ја стави во функција спогодбата која одлично функционира, а е во сила веќе од 2003 година. Ако е ова вашето објаснување зошто во овој закон во членот 28, во кој имате четири подчлена, со кои буквално ги одземате приватните сопствени средства на пензионерите кои врз доброволна основа ги издвојуваат и ги користат не само за трошоци за погребални услуги и не само за функционирање на нивните општински здруженија, туку и по сопствено убедување и за разни други намени, и за културни манифестации, и за помош врз принципот на солидарност околу банско лекување итн, најмалку што треба е ние како пратеници да навлегуваме за што ги користат своите сопствени средства и на кој начин.

Повторно ќе се повикам на одлуката на Уставниот суд, повторно ќе се повикам на она што е највисоко, кое треба да биде алфа и омега за сите нас пратеници кога ќе одлучуваме, а тоа е Уставот. Навистина ве повикувам, почитувани колеги пратеници од владеачкото мнозинство, не знаев дека до вас стигнале сите дописи од здруженијата на пензионери од сите наши општини, па кога веќе сте убедени дека апсолутно сите здруженија од Република Македонија реагираат против ова решение на Владата солидарниот фонд да биде задржуван од страна на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и да се уплатува на трезорска сметка која ќе врши исплата исклучиво за погребални трошоци на семејствата во случај на смрт и само мал дел од членарината ќе упатува до сметките на општинските здруженија, Фондот ќе се стекне со значителна имотна корист и можност по сопствено гледање да располага со овие средства. Па вие сте предвиделе дури дека слободните, односно неискористени средства ќе бидат вложувани за купување на државни хартии од вредност. Дајте да имаме само малку здив, најмалку што на пензионерите им значи тоа е купувањето на државните хартии од вредност. По сопстена волја се здружиле согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации, согласно Устав се здружиле, по сопствено убедување согласно закон доброволно се откажуваат од дел од своите пензии, дајте да им ги оставиме на сопствено располагање онака како што сакаат. Ќе треба ли секој пензионер да чука на вратата на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и да бара помош, бидејќи значителен дел на средствата остануваат на сметка неискористени. И навистина се привлечни. Привлечни се за да може сума од цели 7,2 милиони евра да располага некој што нема право на тие средства ни по Устав ни по закон.

Очекував сериозно да се зафатиме за решавање на проблемот. Очекувам господинот Мешков интервентно да даде амандман по предлог на Сојузот на здруженијата на пензионери да се додаде нова алинеја 12 во точката 160 и да му дозволиме согласно законски пропис на Фондот да може да ги сервисира пензиите, онака како тоа се прави веќе 4 години, согласно лична изјава од страна на секој носител на старосна пензија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам.

Почитуван претседател, колеги пратеници, почитуван министер,

Би сакал уште еднаш да изнесам неколку аргументи или оние што се најбитни во однос на овој сегмент кој што за нас од СДСМ е еден од важните сегменти на овој закон, врз основа на кој ќе се темели нашата одлука за подршка или не на овој закон. Тоа го соопштивме во општата расправа, заради тоа што постојаното спомнување на неколку работи по еден закон со знамето на Европската унија, а најмалку има европски усогласувања, навистина не е добро, не е вкусно, нешто што го прочитаа сите, а најмногу оние на кои што се однесува овој закон. Во општата расправа реков и во расправата по амандманот ќе кажам дека, иако Владата не го прифаќа амандманот, со тоа го потврдува сопствениот став и не покажа ниту минимум респект кон она што значат аргументи изнесени од страна на опозицијата, од страна на СДСМ, непочитување на минимум аргументи кои ги нудат самите здруженија на пензиониери на Република Македонија и на тој начин слепо се оди по патот на кој сакаме да управуваме со нешто што не е наша сопственост.

Ќе се обидам уште еднаш да укажеме на некои аргументи, се со цел парламентарното мнозинство ВМРО-ДПМНЕ, НСДП, ДПА, да може кај пратениците да проработи барем малку совеста дека она што го прават во дадениот момент е погрешно и да застанеме сите заедно зад интересите на оваа категорија на население или на сите прензионери во Република Македонија, заради тоа што бришењето на овој член од овој закон или на оваа глава и натамошните наши амандмани што се предложени е токму во таа функција дека другите сегменти на законот, иако имаме забелешки во делот на инвалидноста, немаме забелешки и даваме апсолутна подршка на начинот на кој што се предлага покачувањето на пензиите на пензионерите, иако тоа отстапува, дел, од пензискиот систем во Република Македонија. Меѓутоа, никако не можеме да се согласиме дека со одредба од законот, за каква одредба и одлука еднаш се изјаснил и Уставниот суд на Република Македонија, може да биде составен дел на овој закон и на тој начин да кажеме дека нешто добро направивме за пензионерите во Република Македонија со донесувањето на овој закон. Значи таа одлука која здружението на пензионери ја има донесено во 1993 година, за да се има сопствен солидарен фонд од кој ќе ги подмируваат трошоците за посмртна помош едноставно како помош за семејството на почитаниот пензионер, по втор пат сега сакаме да ги ставиме под капа на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и тој да управува со овие средства. Една таква одлука неколку пати цитирана, на Управниот одбор тогаш кога вие господине минстре бевте директор на Фондот се донесе, меѓутоа, Уставниот суд ја укина заради неуставност на таквата одредба. Точно е и се согласувам и во дискусијата реков дека законски основ согласно Извештајот на ревизијата мора да постои, заради тоа што до сега немало, освен спогодбата која што била склучена меѓу Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Здружението на пензионери. Меѓутоа, законскиот основ може да стои во еден член во кој што ќе укаже на потребата да може Фондот да склучи спогодба со Здружението на пензионери или Сојузот на пензионери на Република Македонија за сервисирање на една ваква активност. Тоа се средства кои самите пензионери со одлкука на Сојузот на пензионери на Република Македонија и со сопствени извори одлучиле да ги здружат овие средства и солидарно да помагаат на сите пензионери и со нив да управуваат во тој дел.

Од тие причини, сметам дека оправдана е реакцијата на Сојузот на пензионери на Република Македонија заради тоа што, ако тие како Здружение на граѓани, формирано согласно Законот за здружение на граѓани на Република Македонија се со цел да ги остваруваат правата и да ги обезбедуваат правата на одредена категорија, што е основна цел на невладините организации, сега се става во позиција некој друг носењето на нивните одлуки да го упатува на прибирање средства во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и ниту помалку ниту повеќе, начинот и постапката на нивната исплата да ја врши Фондот  со акт, а не тоа да го прават здруженијата на пензионерите на Република Македонија. Тука е нашата реакција господине министер. Тука немате апсолутно никаков аргумент кој и овде ќе го понудите. Два дена имавме расправа, не знам уште колку дена да расправаме, немате аргумент врз основа на кој ќе можете да докажете дека со дел од средствата кои ќе ги одвојуваат пензионерите од нивните пензии ќе можете да управувате вие лично, па колку сака тоа нека биде одлука на оваа Влада. Исто така, како што не можете да кажете на било кој вработен дека можете многу поубаво и покорисно да управувате со неговата плата, заради тоа што може да ви се чини дека вие најдобро би управувале со платите на граѓаните и би имале подобар живот, ама не можете тоа, во Република Македонија, или со овој уставен поредок кој што го имаме, ако на овој начин сака да покрене Владата некаква иницијатива дека е подготвена да го смени и уставниот поредок на Република Македонија и ни покажа дека се во Република Македонија ќе зависи од Груевски, тогаш очекувам таков предлог во Собранието, па да дебатираме и за такво нешто.  Меѓутоа, додека е во сила Уставот на Република Македонија кој што е моментално, тој ја гарантира сопственоста, а тоа значи не само прибирање и признавање на сопственоста на одредени средства, туку и целосно управување со ваквите средства.

Вториот аргумент кој што беше истакнат од сите здруженија на пензионери и од Сојузот на пензионери на Република Македонија, тоа е начинот на кој што се врши исплатата во овој период. Значи, ниту еден извештај на Државата ревизија што до сега е направен што укажува на

злоупотреби во Сојузот на пензионери на Република Македонија или во било кое Здружение. Ако имаше таков еден, очекував дека ќе биде презентиран пред пратрениците во Собранието или евентуално да се поведе постапка пред надлежниот орган во однос на тоа. Меѓутоа, до сега едноставно нема такво нешто. Знаете сите дека овие средства се на посебна сметка во Сојузот на пензионери и се користат наменски, единствена разлика е што до овие средства граѓаните на ваков начин добиват услуга или ги добиваат средствата многу побрзо и поефикасно, во моментот кога за тоа имаат потреба. Дури, многу од здруженијата на пензионери во Република Македонија од многу градови во кои контактирав лично со луѓето кажуваат дека имаат сервисирање дури и во неработни денови, ако тоа биде побарано од претседателот на Сојузот на пензионери или Здружението во соодветната општина.

Според тоа, аргументот дека Фондот за пензиско и инвалидско осигувурање ќе може многу поквалитетно да ги сервисира услугите на граѓаните ако истата се врши преку подрачните единици на Фондот не стои, не држи, заради тоа што имаме 30 или 32 подрачни единици на Фондот за пензиско и инвалидско осигувурање, додека Здруженија на пензионери имаме над 40 општини во Република Македонија. Тоа значи дека во одредени општински центри нема да може пензионерите да ги остварат правата, односно да го обезбедат овој надомест, ќе мора да патуваат за да поднесат барање до подрачната единица на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, да ги поднесат сите документи и согласно со бирократските навики на нашата администрација, не е исклучено тоа да се повторува неколку пати, средствата да бидат задржувани, по неколку месеци да не можат да ги добијат, за разлика од тоа што сега го прават, уште наредниот ден од поднесувањето на барањето или во моментот на поднесувањето на барањето, така што ова како аргумент навистина отпаѓа. Тоа најдобро го чуствуваат сите тие кои се корисници на вакви средства или имале можност тоа да го направат.

Навистина не може, иако овде не е презентирано, меѓутоа, главната причниа или главната поента на оваа промена на законот беше токму поради несогласувањата меѓусебни на одредени сојузи, кои ви вршеа притисок и на вас, дали и на некој друг од Владата, и вршењето на таквите притисоци помеѓу Сојузот на пензионери, Сојузот на инвалидски пензионери, Сојузот на инвалиди на трудот итн, ако тие не ги сметаме како пензионери во овој дел, резултираше со една ваква законска одредба во која ќе направиме овој фонд кој го собираат пензионерите во Република Македонија да управува Фондот за пензиско и инвалиско осигурување спротивно на сите законски норми. И тоа не е како причина која може да биде доволно аргументирана пред пратениците на Собранието на Република Македонија, за да покажеме дека многу ќе се грижиме за граѓаните на Република Македонија. Од една страна, првиот дел од законот, правиме се најрестритивно да ги примениме одредбите во кои би го намалиле дефицитот во пензиското и инвалидско осигурување и кажуваме дека тоа го правиме заради тоа што такви се европските трендови, од друга страна она што добро функционира во Република Македонија на кое нешто нема никој забелешки освен оваа актуелна власт во Република Македонија сакаме да им го одземеме на пензионерите. Јас не би сакал да говорам за тоа кој го подржува ова законско решение, јас ви кажував дека многубројните реакции кои што ги имаат здруженијата на пензионери и Сојузот на пензионери за кои што вие почитуван минстре или Владата кажувате дека тоа се стотина луѓе кои се во раководството на Сојузот на пензионери, апсолутно јас не се согласувам дека е така. Тоа ќе го покаже времето во понатамошниот период, меѓутоа, морам да кажам, не сакам да се ставиме во позиција повторно заради немање наша желба да се сослушаат вакви аргументи кои што се базираат на уставни одреби, повторно да носиме закон чии што одредби ќе бидат укинати од Уставниот суд. Понатаму, ако се поведе една ваква постапка имајќи предвид дека веќе е водена таква постапка и е донесена одлука таква каква што е донесена.

Затоа мислам дека овие аргументи кои сега ги изнесов без разлика дали се тоа аргументи од нас или од страна на Здружение на пензионери, треба да бидат доволен основ да биде прифатено ова од страна на парламентарното мнозинство во однос на овој закон. Доколку не, навистина нема да направиме ниту чекор напред во подоборување на позицијата на пензионерите, напротив, ќе се вратиме многу назад, напротив, покачувањето на пензиите кое што ќе го направиме со овој закон ќе бидат ништо, заради тоа што овој солидарен фонд, овие средства со кои досега управувале пензионерите, а тоа се над 7 милиони евра на годишно ниво, ќе ги земе да управува Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и навистина се сомневам како и на кој начин овие средства ќе бидат искористени.

Посебно сакав и мислев дека на пратениците, или на дел од Владата, ќе проработи совеста во новите социјалдемократи, во Новата социјалдемократска партија кои што ќе изнајдат уште еднаш сила да го убедат Груевски, да ја убедат ВМРО-ДПМНЕ дека не носат добар закон за пензионерите во Република Македонија. Впрочем, не носат добар закон за поддржувачите, или за онаа категорија на граѓани на кои што и овие партии од социјалдемократска провиненција се произнесуваат.

Јас уште на почетокот, ако се сеќавате на формирањето на Владата, кажав дека многу ми е нелогично како би функционирала една лева партија со десничарска Влада. И очекував дека ќе најдеме барем едно прашање зад кое што цврсто ќе застане Новата социјалдемократска партија, не во одбрана на сопствени позиции, туку во одбрана на сопствени вредности и сопствената

идеологија. Доколку немаме слух да најдеме решенија за овој проблем, немаме решенија да најдеме за стечајни работници итн, мислам дека е бесмислено да разговараме за идеи и идеологии кои што ги застапуваме во овој Парламент по важни законски решенија, туку единствена нашата идеологија значи, што повеќе место за мене и за мојата дружина.

Почитувани колеги, дајте да го прифатиме овој амандман и со тоа да покажеме дека имаме слух и сенс за она што го бараат пензионерите во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Геогриевски:** Благодарам и јас.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Љупче Мешков:** Имам реплика.

**Љубиша Геогриевски:** Повелете.

**Љупче Мешков:** Мислам дека претходниот амандман беше прифатен и она што беше заложба и на пратениците од опозицијата е дека Фондот сам да не го прави тоа, беше прифатено. Значи, за висината на издвојувањето на пензиите, за висината на посмртната помош, ќе се договора помеѓу Фондот и здруженијата на пензионерите. Останува сега само она што значи средствата каде ќе бидат, сервисирањето останува во Фондот. Значи, отпаѓа располагањето. Не може никој да ви се меша во правата на располагањето.

Второ, овие луѓе кои што се во позафрлените места планински, за кои господинот Спасовски зборуваше, тие и сега не може од под перница некој да им даде пари, тие повторно мора да дојдат таму каде што е Здружението, да земат налог и со налогот да одат во банка да ги подигнат парите.

Што се однесува до подрачните служби, веројатно нема да ми верува, но јас сакам да ги убедам дека ќе функционира тоа беспрекорно, дури ќе има и дежурна служба која што, ако е потребно дури и налогот финансиски ќе му го однесеме дома. Значи, нема да има никаков проблем во функционирањето на тој солидарен фонд, а доколку сервисирањето остане вака како што предлагаме во законот, јас го убедувам господинот Спасовски дека навистина, тоа беспрекорно ќе функционира и нема да има никаков проблем за пензионерите навремено да си ги добиваат, односно членовите на нивните семејства да ги добиваат овие пари.

**Љубиша Геогриевски:** Благодарам господине министре.

Господине Спасовски контра реплика од една минута, повелете.

**Оливер Спасовски:** Господине министер навистина би прифатил аргументација во која што кажувате дека прифаќањето на претходниот амандман значи задоволување на некакви наши критериуми, меѓутоа, во амандманот додадовте зборови: “во соработка со Сојузот на пензионерите на Република Македонија”. Основниот носител треба да биде Сојузот на пензионерите на Република Македонија, ама во соработка со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Не е добро заради тоа што вие Фондот за пензиско и инвалидско осигурување со туѓи пари сакате да управува и да располага, а во соработка со некој друг. Тука е нашата разлика и тука ние се разликуваме. Јас знам дека не можам да ве разубедам со овие аргументи, ниту вас ниту парламентарното мнозинство, само убеден сум дека на некоја од седниците за пратенички прашања ќе ве прашам за оваа иста тема која ќе падне на Уставен суд. Благодарам.

**Љубиша Геогриевски:** Сега збор има господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Согласно членот 30 од Уставот на Република Македонија е гарантирано правото на сопственост. Членот 58 од Уставот вели дека сопственоста и трудот се основа за управување и учество во управувањето.

Понатаму, членот 61 од Законот за фондација и здруженија на граѓани вели дека тие можат да стекнуваат предмети, парични средства, имотни права. Здруженијата на граѓани и фондации, исто така средствата ги стекнуваат од членарина, прилози, донации, подароци и слично и со нив располагаат во согласност со статутот и во согласност со законот. Значи, со статутот и согласно законот, а не спротивно на законот како што оваа Влада сега го предвидува со измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, таа да располага или управува со туѓи пари, со парите на пензионерите што ги издвојуваат за членарина за солидарни трошоци.

Понатаму исто така членот 62,од овој Закон за здруженија на граѓани и фондации изрично определува дека средствата што здруженијата на граѓани и фондации ги стекнуваат се нивна сопственост. Значи, не се сопственост на Владата тие пари. Сега како може Владата да посегнува по туѓи пари, нив да ги користи и што сака да прави, без притоа да понуди некоја друга, иако е и ова самото противзаконско и противуставно, ама еве барем да понудевте некоја друга сатисфакција за пензионерите. Не знам, пред малку спомнав барем, да ги залажевте со некоја камата. Затоа што ова што го прави Владата мислам најблагата форма е да се каже дека е противуставно. Ова е криминал. Уште малку може да ви текне да донесете закон и со пензиите на пензионерите вие да управувате, или да им кажувате како да ги трошат. Да не можат да си ги подигаат и да бараат од вас дозвола, дали им купат на внуците нешто, дали да купат за дома, дали да купат прехранбени продукти, дали да платат сметки за комуналии, како да располагаат со нивните пензии. На исто се сведува. Кој ви дал за право вие да сакате да управувате со туѓи пари. Каде го има тоа.

Понатаму, велите дека ненаменски се трошеле, дека имало злоупотреби. Значи повторно неосновано етикетирате, навредувате цела една категорија на луѓе. Има правила, има органи, има статут ова Здружение на пензионери. Таму пишува дека има орган кој врши контрола за наменското користење и располагање со приходите, средствата, членарините, дека тоа се бира според одредени правилници, тие членови се бираат. Значи, на демократски, транспарентен начин. И дека што е најважно, секој член има право да бара да изврши увид во начинот на користењето на овие средства. Јас не сум слушнал дека имало некоја афера, некој скандал таков дека некој член го побарал тоа. Аферата е, скандалот се состои во тоа што сега Владата го прави упадот, да им ги земе парите на пензионерите. Како што самите кажавте седум милиони евра годишно. Што ќе правите вие со тие седум милиони евра, ќе ви лежат на сметка, или ќе ги користите повремено, или ќе земате камата на тие седум илјади евра, ќе кредитирате некого, бизнис ќе правите. Тоа ви го кажав и пред малку.

Понатаму, сега ви цитирам дел од образложението на Одлуката на Уставниот суд, каде што еднаш одлучил во корист на пензионерите. А вие одите со глава низ ѕид и повторно ја правите истата грешка, истата манипулација. Вели вака: “Врз основа на наведените законски одредби произлегува дека овластувањето на Фондот и надлежностите на Управниот одбор на Фондот, утврдени со Законот за пензиско и инвалидско осигурување е видно дека нема надлежност да го уредува прашањето во врска со начинот и условите за распределба и користење на доброволно издвоените средства на пензионерите”. Нема овластување Фондот, нема законски основ. Погледнет во Законот за пензиско и инвалидско осигурување, од каде му ја измисливте, му ја предодадовте таа надлежност на Фондот.

Понатаму, вели Уставниот суд: “Фондот може да одлучува и за други работи, како што вели Законот, меѓутоа, прибирањето на средствата, сега директно се однесува на ова прашање што е спорно, т.е. за Владата е спорно за нас не е спорно, дека прибирањето на средства за покривање на погребните трошоци, не е регулирано со ниеден закон, а оспорената одлука, тогаш кога ја оспориле одлуката, кога паднала на Уставен суд, што ја донела тогашната Влада на ВМРО-ДПМНЕ, не се повикува на ниту една вакво овластување, утврдено во статутот на Фондот”.

Значи повторно и статутот на Фондот како и Законот за пензиско и инвалидско осигурување велат дека државата преку овие институции нема право да им ги чепка парите на пензионерите. И сега на крајот ќе ви кажам она министре што го направивте со прифаќањето на претходниот амандман ви објасни и Оливер Спасовски пре малку, најголемата хипокризија и лицемерија од страна на Владата се случи токму со прифаќањето на преходниот амандман на пратеник од ВМРО-ДПМНЕ, каде што сакате да ја ублажите, да ја замаскирате целата оваа заврзлама што ја направивте и каде што прифативте дека заедно со Фондот за управувањето со овие средства од Солидарниот фонд за пензионерите за членарината за погребни трошоци ќе управува Фондот ама во соработка со пензионерите. Види молимте. Па вие сакате пензионерите да ги направите подстанари, кирајџии во сопствената куќа. Кај го има тоа? Ве прашувам кај го има тоа? Кој е тука газда на парите, државата или пензионерите. Ги правите фактор од втор степен, не знам како да се изразам. Што влијание ќе имааат пензионерите со една декларативна одредба каде што вие наводно ете покажавте разбирање и широкоградост, ќе им ги замачкате очите. Мислите ли дека ќе ви поверуваат. Ова не е суштина. Ова е памфлет, деклаpалтивна одлука за да кажете дека еве ќе соработуваме со пензионерите кога последниот збор ќе го има државата. Пензионерите не го сакаат тоа. И на крајот уште еднаш ќе ви повторам, затоа што ако се случи ваков преседан, се разбира дека повторно ќе се произнесува Уставниот суд. Меѓутоа не е добро ова да го правите затоа што ќе се стекне впечаток дека навистина Владата се што ќе и падне на памет се може да си го преточи во форма на закон затоа што го има мнозинството. Не може, уште еднаш ќе повторам, Министерството за финансии, Фондот, државните институции да бидат банка на ВМРО-ДПМНЕ и да управуваат со туѓи пари, да користат туѓи пари, да прават бизнис со туѓи пари. Ова е клучното прашање на кое што опозицијата има забелешки на овој закон. Не ги залажувајте пензионерите со 10%. Ние сакаме ако можете дај Боже и за 20% и за 30% да им ги зголемите пензиите. Меѓутоа понекогаш повредата на достоинството затоа што знаат они што е подобро за нив сигурно Владата не се секира повеќе отколку пензионерите сами себе па вие треба да ги спасувате од самите нив. Тие знаат многу добро што е за нив подобро. Некогаш реков, повредата на достоинството нема пари, со ова буквално ги правите недоветни, неспособни и не можат ниедни ни 10% ни 100% покачување на пензии да ја надоместат таа навреда и омаловажување што ја прави Владата со овој закон. Благодарам.

**Љубиша Геогриевски:** Благодарам.

Господинот министер за труд има реплика.

**Љупче Мешков:** Една мала реплика.

Значи ако зборуваме за парите господине Кондарко парите не се на пензионерите туку се за пензионерите, а парите ги даваат осигурениците и работниците со издвојување од своите плати. Во Република Македонија има систем на тековно финансирање на пензиите каде што се земаат парите од платите на вработените и се користат за исплата на пензиите. И тоа така функционира отсекогаш тековниот систем на финансирањето.

Второ, не знам дали ви е познато во исплатата на пензиските примања, Буџетот со трансфери учествува со околу 30% од вкупната сума за

исплата на пензиите. Значи може да замислите ако не е државата, ако не е Буџетот, ако не е Фондот ќе има проблеми во исплатата на пензиските примања. Ако вие велите овие средства се сопственост на пензионерите не знам како не ви текна да поднесете амандман па и парите за пензиите што се во Фондот ако се сопственост на пензионерите да им ги дадеме на здруженијата и тие да ги исплатуваат како пензија. Благодарам.

**Љубиша Геогриевски:** Благодарам и јас.

Господин Кондарко има конра реплика.

**Борис Кондарко:** Благодарам претседателе.

Почитуван министер се надевам дека се наоѓаме во истава сала, во исто време, во исти ден и разговараме за иста точка на дневен ред. Вие сега продолжувате да ги навредувате пензионерите. Како може да кажете дека тие пари не се на пензионерите, туку за пензионерите. Да не им ги давате вие случајно. Ние говориме за пари, за членарина што ги издвојуваат од нивните пензии. Ниту јас, ниту вие не им ги даваме тие пари. Не биле на пензионерите тие пари. Па од нив за нив. Вие велите дека не се на пензионерите тие пари. Чии се тие пари. Па нормално дека за пензионерите се. Вие сега сакате да не бидат за нив туку вие да ги користите. Тоа е заврзламата што ја правите. Срамота.

**Љубиша Геогриевски:** Господин Марјанчо Николов има збор.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Значи би сакал со својата дискусија да ја изразам својата поддршка на амандманот поднесен од нашата пратеничка група, со која што се предлага да остане старото постојно решение, по однос на средствата кои што пензионерите ги издвојуваат од своите пензии, во така наречениот солидарен фонд, а кои што средства пензионерите ги користат во случај на починување на самиот пензионер, неговите блиски ги користат како посмртнина, или здруженијата на пензионерите, можеби дел од нив, користат за збогатување на својот општествен или културен живот.

Значи, сега имаме едно решение господине министре со кое што пензионерите се определиле средствата од својата пензија некаде околу 140 денари да ги издвојуваат како посебен издадот и тие средства Фондот да ги префрла на здруженијата на пензионерите, кои што располагаат со овие средства и по потреба ги исплаќаат на самите пензионери кога ќе дојдат и такви моменти во животот.

Вие како Влада, по втор пат се обидувате сега овие средства да ги земете од здруженијата на пензионерите и Фондот да биде тој кој што ќе ги исплаќа овие средства. Притоа, во Предлогот на законот, немате ниту едно издржано објаснување кои се мотивите вакво нешто да се направи. Се повикувате на транспарентност, отчетност, одговорност при трошењето на средствата, но од друга страна не не убедувате барем во предлогот дека има некои конкретни злоупотреби на средствата по однос на солидарниот фонд. Значи, иако со вашите дискусии и дел од колегите пратеници од владлеачкото мнозинство сакаат да укажат дека се злоупотребувале паричните средства, но никој не понуди конкретни докази. Сега се поставува едно прашање. Јас не сум правник, значи, по кој член, по кој основ вие можете ова да го направите. Ако пензионерите потпишале согласност до 2000 година, сега веќе им се запира по автоматизам преку Здружението, дали вие имате право да ја скршите волјата изразена кај дел од пензионерите со писмена согласност, парите да им се делат преку здруженијата на пензионерите.

Дали вие планирате сега да направите пресек, како фонд и да кажете, ќе бараме од сите пензионери одново да дадат согласност дали Фондот да располага со нивните средства. Ќе го направите тоа? И што ако не ви успее цеалта постапка, односно пензионерите се поделат и решат: ние сакаме да си остане старото решение. Значи, тоа треба јавно да им го објасните на здруженијата на пензинери и да објасните по кои членови од Законот сакате овие средства да ги соберете во Буџетот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, ако согласно претходната одлука на Уставниот суд нема Фондот такво право, Управниот одбор на Фондот нема право да одлучува, ако парите на здруженијата на пензионери и на здруженијата на граѓаните се нивна лична сопственост и тие имаат право да одлучуваат. Како вие можете само со ваша волја сега преточена во законско решение тоа да го нарпавите? Заради тоа што имате мнозинство во Парламентот, или затоа што нависитна семтате дека вие подобро ќе стопанисувате со овие средства. Дајте да отвориме дебата со конкретни бројки, ако ги имае што е тоа што подобро ќе го добијат пензинерите од овој систем што сега функционира. Дали вие можете да ни понудите такви аргументи, едноставно да кажете, ќе земаат ако сега земале 25 илјади денари, кога ќе ги располага Фондот ќе земаат 28 илјади денари. Дали тоа можете да го гарантирате, или ако до сега земале 25 илјади, сега ќе земаат 24 илјади, или ќе остане истиот износ? Тука во законот предлагате решение со кое што предлагате урамниловка. Значи дали тоа се однесува на износот за посмртнина сите еднакво ќе добиваат без разлика од кој град на Република Македонија. Знаеме дека трошоците за погреб не се исти во сите градови. Иако запирањето по основ на пензија е исто, но не се исти трошоците. Има градови каде што тоа е значително поскапо. Можеби сега во тие градови пензинерите добиваат повеќе средства. Дали кога вие ќе го земете, ќе ги намалите? На која основа ќе одите тогаш? На најниската, ќе ја зголемите повисоката, некоја средна ќе барате? Значи, се отвораат многу прашања и мислам дека овој систем кој што сега функционира не е добро да го растурите, ако има одредени злоупотреби, ако некој се осмелил средствата да ги користи за

нешто друго освен за тоа што имаат одлуки донесено во рамки на своите здруженија има постапки. Значи, сега по таа логика ако Државниот ревизор извади извештај дека Владата, или некое министерство не ги троши наменски средствата, што треба ние да правиме? Да го затвориме министерството и парите да ги дадеме на друго министерство, или Владата воопшто кога ќе дојде извештајот да им ги земеме средствата на сите, цела Влада, Собранието да управува со средствата. Значи, иако не се работи, зборувам во државни рамки за пензионерите се големи средства, за државата, за Владата, не се работи за големи средства. Зошто толку инсистирате Фондот да располага со тие средства. Можат во практичната примена на ова решение да се јават многу проблеми. Значи, подрачните единици, службите на Фондот не работат во сабота и недела. Може да се јави недостиг од средства, може човек ќе почине, знаеме дека не може да се чува дома ако на некој му фалат средства. Луѓето се во многу тешка ситуација. Пензионерите социјално се најзагрозена категорија после корисниците на социјална помош. Сега онака како што се нашите информации по основ на ова веднаш им се даваат средствата на пензинерите. Значи, се отвораат многу прашања кои што вие треба да ги одговорите во Парламентот, а со тоа и пред јавноста на Република Македонија, зошто вие инсистирате тие 7 милиони евра да ги ставите под капата на државата, кога пензинерите си решиле тоа да си оди преку здруженијата. Образложенијата од типот, се врши злоупотреба, мислам дека не можете никого во моментот да убедите без конкретни докази, бидејќи имаме извештаи дека и во рамките на самата Влада, самата држава, институциите на системот се вршат злоупотреби. И треба јасно да гарантирате дека со ваквиот начин на користење на средствата од солидарниот фонд ќе направите нешто подобро за пензионерите. Овде имате одредба дека вишокот на средства до колку се јави, би сакал да ве запрашам според ваше согледување, дали има вишок и колку е тој, можете и треба да ги користите за купување на државни хартии од вредност. Зошто не стои државни обврзници, тие се најсигурни. Мислам дека одредбата ви е многу широка, бидејќи државни хартии од вредност малку е поширок поимот. Значи, ние сметаме дека овој систем на сегашно функционирање на солидарниот фонд е добар, не треба да се менува, не треба да се внесува дури и раздор во здруженијата на пензионерите сега наводно обвинувајќи ги дека некој врши злоупотреба со нивните пари, бидејќи навистина здруженијата на пензионери покрај тоа што располагаат со средствата, имаат и свои простории каде што пензинерите се дружат. И сега вие кога ќе внесете едно такво обвинување дека наводно некој нивните пари ги злоупотребува, а немате докази, ќе отворите многу недобри односи во тие здруженија. Секој сега ќе се запраша дали навистина моите пари некој ги злоупотребил. Ќе внесете дополнителен немир кај пензинерите кои во здруженијата одат да се релаксираат, вие сега ќе ги терате да мислат: каде одат моите пари? Зоштоисто така во законското решение не сте предвиделе да давате отчет на 6 месеци, на една година, да давате отчет пред здруженијата на пензионери и пред пензинерите, со чекчето да им испратите едно писмо во кое што ќе стои дека толку пари се собрани и толку пари се потрошени, а другите се вложени во хартии од вредност. Зошто тоа во законот не е напишано? Да бидете вие уште потранспарентни и поотчетни од другите. Се отвараат многу прашања, упорнос е обидуваме да дојдеме до одговорот кој ви е мотивот за ваквото решение во законот. За жал, и после долга расправа од 4 дена не можеме да добиеме објаснувања, едноставно вие сметате дека така треба да биде. Го имате мнозинството во Парламентот и ќе го изгласате. Што ако оваа одлука исто така како првата ви падне на Уставен суд? Кој тогаш ќе ја носи одговорноста? Дали вие како министер ќе поднесете оставка? Се работи, како што кажав, мали пари за државата, големи пари за пензионерите чиј што стандард е навистина многу лош и за нив можеби и 40 денари се многу, а 140 денари ги издвојуваат за посмртнина. И многу им е битно како овие средства ќе се трошат и дали на ваков начин ќе се подобри нивното располагање. Би ве замиолил да одговорите. А колегите пратеници ги замолувам да не внесуваме изјави со кои што некого однапред гоосудуваме дека има нешто направено лошо во користењето на средствата без докази и сериозно да размислат за ова решение. Тоа го бараат здруженијата на пензионери кои што си имаат свои раководства. Ние не можеме да се мешаме дали на некому му се допаѓа, или не му се допаѓа раководството. За оваа Влада гласале 300 илјади гласачи, не гласале милион и 200. А тоа не значи дека на сите им се допаѓа. По таа логика, но е Влада која има легитимитет да носи одлуки и да владее. Сега вие здруженијата на пензионери и нивните раководства ги правите криминалци и ги повикувате пензионерите, дајте ги парите кај нас. Оваа пракса не е добра, туку ако сакавте ова да го направите, ќе отворевте јавна дебата по здруженија на пензионери ќе ги слушневте мислењата и потоа ќе дојдевте со вакво решение. Вие сега ќе се повикате: имавме дебата, ама не се усогласивме. Дали тоа не ви зборува нешто, дека не се согласиле пензионерите со тоа. Тие и нивните раководства на здруженија на граѓани и фондации си поднесуваат извештаи за средствата пред пензионерите, имаат реизбор и т.н. Значи, немојте со неточни објаснувања, или изјави дека се врши злоупотреба и тука да ја барате причината за земање на средствата од солидарниот фонд под капа на Фондот да располага со нив. Цениме дека таквото решение нема да биде подобро, туку напротив, ќе биде полошо за пензинерите. И затоа ги повикувам колегите пратеници да го пдоржат амандманот, да остане старото решение. Ако Владата, Министерството ни донесе докази, и не убеди

дека навистина не претпоставено, навистина имало злоупотреби, во тој случај да размислуваме за решение. Вака немаме основ ова решение да го укинуваме.

И во однос на членарината, мислам дека во членот кој што се однесува на тоа, членот 130-г да го додадете и Сојузот на инвалиди пензионери. Мислам дека ви е испуштен. И тие исто така имаат свое здружение кое што собира членарина и нив треба да им ги трансверирате средствата. Затоа сметаме дека постојното решение е подобро, поефикасно, овозможува на полесен начин да се располага со овие средства. Додека решението кое што го нуди Владата е далеку од тоа да го подобри ова решение, туку напротив сметаме дека ќе донесе до пречки со располагањето на средствата од солидарниот фонд.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има господинот Љупче Мешков, министер за труд и социјална политика.

**Љупче Мешков:** Пратеникот Марјанчо навистина постави прашање кое е суштината на оваа работа, а тоа е,кои се мотивите за тоа да ја сервисира оваа посмртна помош Фондот. Јас пак употребувам термин, сервисира, а не располага, бидејки има разлика помеѓу тие два поими. Јас зборував за ова, меѓутоа не знам дали,можеби не бил тука тогаш. Еве, јас ќе повторам кои се предностите и зошто ова се прави.

Прво, сакам да кажам, земете ги стенографските белешки, јас никогаш не употребив термин дека се криминалци. Јас поставив само прашање, каде одат каматите, или екскурзиите од овие средства дали се наменски, но не реков дека се криминалци, бидејки јас не сум надлежен за тоа овде да кажувам, туку за тоа си има надлежни институции кои треба да кажат дали е така, или не е така. Значи, причините зошто ова се прави е Фондот  кој што е една од договорните страни со спогодбата за реализација на  посмртната помош. Појдете утре и разговарајте со стручните луѓе и со директорот на Фондот, ќе видите кои се проблеми ги има сега Фондот во ваквиот начин на сервисирање на солидарниот фонд. Имено, сега почна една тенденција на формирање на нови здруженија што е  право, нормално никој тоа не го оспорува, слушам дека и на семејни пензинери ќе се формира здужение и тогаш Фондот мора сите средства кога ги дели во системот, значи мора да води сметка прво колкав е износот, а износите се различни кај сите овие здруженија, различни се износите на запирање, различни се износите на посмртната помош. Некои од инвалидските пензинери се членови во Сојузот на трудови инвалиди, други се членови кај Сојузот на пензинери, трети се членови во новоформираните инвалидски здуженија. Сега не сакам да ви објаснувам подетално кои се проблеми ги има Фондот во начинот на издвојувањето и распределбата на овие средства што практично го доведува Фондот во состојба утре можеби да не одговори успешно на оваа работа. И ако тоа не го одговори и ако каже, јас понатаму навистина ова не е можно, бидејки исплатата и одвојувањето кога го правиме, еве јас ви кажувам не е точна ни 70, ни 80%. Ако земете поименично по број да ги делите, ќе видите дека ова двоење што се прави не е 100% точно и не може да биде 100% точно. Кога ќе бидат солидарноста на ниво на држава,на ниво на еден фонд, тогаш ќе може со остатокот од сите посредни здуженија веднаш во февруари да кажеме нема 32 иљјади да бидат, ќе бидат 35 илајди, 36 иљјади за сите. Затоа што остатокот ќе биде на едно место. Кога ќе имате на едно место солидарност на ниво на држава, тогаш ќе можете подобра политика да правите, ќе речете утре нема, ќе ја намалиме давачката од 120 на 100, бидејќи остануваат пари. Значи, не се работи тука за тоа Фондот да располага со тие средства, туку да работи во интерес и во корист на пензинерите.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам

Значи, господине министре ова треба да им го објасните на пензионерите. Исто така, мислам дека е многу мала причината, затоа што вие како Фонд не можете да се снајдете околу распределбата на средствата, да пробате да воведете ред во постојниот начин кој што функционира. А прашањето, дали ќе ги зголемите средствата, или дали ќе ја намалите партиципацијата на пензинерите е прашање кое што ќе се случи подоцна. Прашање е дали вашата одлука ќе ја издржи одлуката на Уставен суд, оценката. Исто така, ако падне вие повторно правите еден јалов обид нешто што не може да биде подобро, да го ставите на располагање под институциите на државата. Многу отворени прашања. Се надевам дека добро ви е пресметана постапката и се надевам дека на крајот ќе има некој што ќе ги носи последиците од какво и да биде решението на крајот.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам претседателе, почитуван министер и пратеници, но гледам за жал многу малку не има овде. Давам целосна подршка на овој амандман поднесен од нашата пратеничка група.

Јас ќе зборувам и од свое име и од името на над 2600 членови при здружението на пензионери од Крива Паланка, кои предлагаат, а предлагаат и здруженијата на ниво на цела Македонија да се брише  членот 28 и додадените нови членови 130-а, 130-б, 130-в и 130-г, бидејки се спротивни на Законот за пензиско и инвалидско осигурување со кои се регулираат средствата на солидарниот фонд, посмртна помош и членарина. Ова го предлагаат поради тоа што средствата на солидарниот фонд, посмртна помош се лични средства и со нив можат да управуваат токму само здруженијата на пензионерите и никој друг не може да управува. Од дискусиите и одговорите на почитуваниот министер, луѓето веќе пензионерите кои се пред своите телевизиски екрани, забележуваат дека во

Македонија веќе има категорија на граѓани кои се и од втор ред. Панзионерите навистина за кои со епитет треба да се зборува и со човечко достоинство ми изгледа како да се категорија на граѓани од втор ред. Такви се и стечајците, такви се и луѓето од технолошки вишок и многу други категории. Зошто го зборувам ова. Во оваа дискусија требаше да се вклучат сите почитувани пратеници и да најдеме заедничко решение за оваа категорија на луѓе пензионери. Заслужуваат да се зборува за нив, заслужуваат сите да застанеме зад ваквото решение, и да дадеме одговор и отчет токму пред нив како најзаслужни граѓани пензионери во Република Македонија.

Одлуката од 2001 година, падна на Уставниот суд, почитуван министер. Дали сакаме да гледаме реприза на нова одлука, која е спротивна на она што го нудите? Веројатно пак ќе се соочиме со ова. Веројатно ќе гледаме нова реприза. Се гледа дека воопшто се нема сенс за човекот, за пензионерот, за оној кој едвај издвојува во здружението на пензионери и тоа од каде, од својот сопствен џеб. И сега сакаме да чепкаме и во неговиот џеб. Овој закон не е усоглаесен прв пат, воопшто не е закон со европски усогласувања.

Мислам дека воопшто не треба да носи ваков знак, ако добро се протолкува и прочита, воопшто не треба да го носи овој знак.

Сите здруженија на пензионери на ниво на цела Македонија вршат обезбедување на лични средства за погребни трошоци, што е единствен пример во светот, затоа што во повеќе земји, почитуван министер, ова е веќе сосема поинаку определено. Во повеќе земји, средства за таква намена се обезбедуваат од државните буџети. На тој начин пензионерите на Република Македонија им ја ослободуваат, ја ослободуваат државата од обврската да издвојува средства и тоа во висина некаде околу 400 милиони денари годишно од Буџетот на Република Македонија или од средствата за пензии за исплата на погребни трошоци.

Категорично се спротивставувам и јас, а веројатно се спротивставуваат и сите здруженија на ваквиот владин предлог, со напред спомнатите средства да управува Фондот на ПИОМ, преку неговите подрачни единици и подрачни служби.

Овде има многу искажувања од здруженијата, упатени до нас, пратениците, како граѓани, обраќајќи се велат дека ваквиот владин предлог воопшто не држи и дека се врши кршење на уставните одредби. Дури цитираат, од едно здружение, со средствата и имотот раководи и управува оној чиј е имотот. Се знае сопственикот. Во случајов, тие средства се лични, се мисли на пензионерите. Ако сака Владата да управува и да располага со ваков фонд на парични средства, нека за ваквата намена стави раздел и ставка во Буџетот на Република Македонија и во ваков случај пензионерите нема да издвојуваат од своите и така мизерни пензии за овој солидарен фонд.

Чии се парите, се прашуваме? Дали тоа се и кој треба да управува и располага со нив, се прашувам? Дали министерот, дали премиерот, дали Владлата? Тука има сомнеж, почитуван министре. . .

Не слуша, така Јагнула?

Дали нема да има и злоупотреба и сомнеж на здруженијата дека ваквите средства . . .

(министерот дофрла од место)

Ќе ги апсиме, ама не апсевме никого, да има злоупотреба од здруженијата. Инаку ќе имаше спектакуларни апсења и те како, ако имаше злоупотреба од здруженијата на пензионерите. Но, да има злоупотреба и да биде во Фондот и во шаката под Министерството кај премиерот, во Владата, мислам дека ќе има злоупотреба.

Со ваквите средства на пензионерите, сметаме дека е обид за кршење и трошење на нивните пари и тоа во партиско-владини цели. Како инаку да не се сомневаме дека скоро 600 илјади евра што пензионерите сами ги собираат месечно нема да завршат во некои од бројните реклами на Владата или истите нема да се потрошат за луксузни патувања на министрите, за набавка на нови возила, за кабинети, луксузи во нив и покрај тоа што пензионерот има просечна пензија, односно просечна пензија на македонскиот пензионер, веројатно на сите ви е познато е 124 евра месечно. А, во Романија, пензиите се покачени за некаде околу 43% и сега, сакаме ваквите нивни пари да се трошат и за возила и за опрема на кабинети и се.

Дека е тоа така, дека парите на пензионерите се трошат за кампањи на Влдата е потврда и министерот за финансии Трајко Славески, кој прецизира дека за овие намени се земаат пари од буџетскиот раздел на Министерството за финансии 09002, ставка 426, каде меѓу другото се содржани средства за испраќање на испратнини при редовно пензионирање, како и пензиско и инвалидско и здравствено осигурување на инвалидите. Зарем ова не ни дава сомнеж дека ќе има злоупотреби? Еве каде е ставена ставката на располагање. И од таму црпиме. Од каде? Па срамота е од пензионерите. Па за нив треба со достоинстсво и почит да зборуваме. Сите да доживееме да бидеме пензионери, да се трошат парите така како што треба, а не да користиме и да манипулираме со туѓи средства и туѓи пари.

Не е фер ова што го правиме кон пензионерите. Не е фер да им спомнуваме смешни цифри, еве солидарен фонд, ви ги покачуваме пензиите, смешна сума. Ќе им се покачат пензиите за 20% до 2010 година.

(дофрлање од место)

Можеби една кутија лекови, тоа што им е најпотребно за нив.

Кажете им искрено на пензионерите, економските експерти убаво пресметале и сметаат дека ваквиот предлог на Владата е нереален. Истиот нема да обезбеди пораст на пензиите до 20%. Или, конкретно, тој ќе изнесува максимум само

4% на годишно ниво, со оглед на тоа што трошоците за живот драстично растат повеќе од порастот на платите.

Мислам дека е ова сосема несериозен пристап на Владата, на министерот кој е предлагач на овој закон. Најтрезвено дајте сите заеднички да размислиме, да се најде некое решение, едноставно членот 28 да се избрише и на тој начин мислам дека ќе си остане старото решение, со кое пензионерите ќе бидат сосема задоволни. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За збор се јави господин Јани Макрадули.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Ќе се обидам само во две реченици да апелирам до пратениците, бидејќи работата на минситерот, после одбивањето заврши. Да изразам надеж дека сепак, пратениците ќе гласаат за опстојување на барањето на Сојузот на пензионерите, дека ќе опстојат на нивните барања да стопанисуваат со сопствените средства, онака како што правеле и до сега, онака како што и уставниот суд  пропишал и укажал со своја Одлука уште во 2001 година, онака како што и после две години од оваа Влада сеуште функционира истата таа работа, истиот тој договор помеѓу Сојузот на пензионерите и Фондот за ПИОМ. Посебно што, прифаќајќи го амандманот, претходниот амандман, министерот потврди дека Сојузот на пензионерите е легитимен орган со кој што заеднички треба да се договараат. Актите што треба да ги донесат, тоа треба да го направат заеднички.

Да ги потсетам пратениците дека зборуваме за стопанисување за средства што, покрај тоа што се користат за покривање на погребалните трошоци, служат и за купување на лекови на оние кои немаат пари да ги купат, скапи лекови, потоа испраќање луѓе во бањи на лекарски третмани, се исплаќаат интервенции, операции, сето она што на еден пензионер може да му затреба, не дај боже, но нема средства тоа да го плати. Овој вишок на средства што остануваат, ниту до сега некој докажал, покажал или пуштил глас дека се злоупотребуваат, туку напротив, се користат за многу хумани работи. За здравјето на пензионерите, за нивните помирни пензионерски денови.

Затоа, уште еднаш апелирам до парламентарното мнозинство да се потсетат посебно пратениците од ВМРО ДПМНЕ, дека премиерот Груевски влечеше јаже со Сојузот на пензионерите на игри што беа организирани делумно со средства и од овој вишок што го имаа Здружението, бидејќи сите допатуваа со автобуси од некои општини, од некои места, со пари што се платени од овој Фонд, за да може премиерот да влече јаже со овие пензионери. За жал, денеска, со гласањето на овој закон Владата ќе одземе 7 милиони евра од стопанисување со средствата на пензионерите што служат, покрај главната намена, за многу хумани работи. Па затоа апелирам до парламентарното мнозинство да го поддржи овој амандман предложен од пратеници од пратеничката група на СДС и да се остави Договорот во сила, сосема легитимна, согласно Законот за облигациони односи помеѓу Фондот и Сојузот на пензионерите на Република Македонија.

Доколку сакале законско решение, можела Владата, ако имала чесни намери, да го преточи Договорот во закон, каде што ќе го препише во законот Договорот помеѓу пензионерите и Фондот. За жал, тука законското решение оди во узурпација н а 7 милиони евра од страна на Владата.

Уште еднаш апелирам до сите, посебно до оние кои се радуваа кога го гледаа премиерот Гру евски како влече јаже со пензионерите на игрите на Сојузот на пензионерите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодрам и јас.

Господин Ратко Димитровски, повелете имате реплика, вашите три минути.

**Ратко Димитровски:**  Благодарам претседателе.

Провоциран сум да се јавам за оваа реплика заради тоа што забележувам една упорност, едно удирање со глава во ѕид за нешто што воопшто нема никаква потреба. Мислам дека тоа е еден класичен начин на искривување на нештата на она што е залажување на јавноста во претходните 4 дена околу расправа по еден Закон што е мошне битен за иднината на луѓето за кои што расправаме сега.

За што се работи? Се работи за средства што се собираат кај одреден број на луѓе под име Здружение на пензионери. Во текот на овие 4 дена ни се јавија многу од пензионерите. Еден од нив имам и јас дома. Не знае по која основа му се стопираат овие средства без негова волја, без негова согласност, односно без никаква негова потврда да му ги собираат тие 140 денари. Едноставно му доаѓа на ливчето дека треба да се одбијат тие 140 денари, а за која намена одат и колку тој до сега искористил, тоа никако не го знае. Едноставно, некаде се собираат парите. Каде се трошат, што се трошат, имаше излагање од министерот.

Вие ги нарековте на друг начин тие луѓе, дека ги злоупотребувале. Додека со овој Предлог на закон се сака да се воведе ред. На ниту еден начин не се ускратуваат правата, односно можностите да се издвојуваат такви средства. Меѓутоа, начинот на стопанисување со тие средства ќе биде евидентиран. Ќе биде регулиран во законски рамки. Тоа значи дека не можат поединци од одредени градови, еве на памет да речам Гевгелија или Валандово,  да им текне, ке напишат едно писмо - на сите наши пензионери ќе им стопираш по 150 денари што ние ќе ги трошиме таму.

Мислам дека ова залажување, замајување на јавноста е само едно контра на најавата на оваа наша Влада дека ќе се најдат средства, ќе се најде начин да се подобри стандардот на

пензионерите со поткревање на пензиската основица, односно со зголемување на пензиите, пред се на минималните пензии и ова е начинот за еден од начините да се закочат реформите што ги промовира оваа Влада и ова е еден од начините да се каже дека не може да биде онака како што проектирала оваа Влада. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Макрадули Јани, контра реплика, повелете.

**Јани Макрадули:** Јас сега сфатив дека она што беше барање на колешката Бендевска да се ископираат и поделат овие барања од пензионеерите, Сојузот на пензионерите не е поделено. Така господинот Ратко Димитровски ќе го видел барањето од Здружението на пензионери од Кочани и несогласувањето со новите законски промени, каде се зборува за узурпација на солидарниот фонд од Владата. После да не се чуди зошто не станал градоначалник, бидејќи очигледно нема поддршка од пензионерите. Дури сега не може ни пратеник повеќе да стане, после ова, бидејќи ако го прочиташе писмото, а вие го поделевте, тогаш ќе знаеше да не дискутира вака. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Според овој извештај што го имам јас тоа е поделено. 10 примероци се умножени и поделени на опозицијата, затоа што позицијата изјавила дека има. Тоа е тоа.

Сега има збор госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници,

И покрај исцрпната дебата овие денови очигледно не успеваме да го убедиме парламентарното мнозинство да поверува на аргументите што ги пласираме како пратеници и без разлика на тоа што сме од опозицијата, заради тоа што во суштина, тоа се барања на пензионерите, на нивните здруженија, на Сојузот на инвалиди и на сите оние индивидуални пензионери кои испратија дописи до сите пратеници во републичкото Собрание, а се однеуваат на солидарниот фонд.

И, во целата оваа дебата се слушнаа различни коментари. Меѓутоа, морам да кажам дека ниту еден од коментарите и одговорите што ни ги даде министерот, ниту пак некој од ретките колеги од власта кои се јавија за реплики, не не разубедија дека не сме во право.

Дозволете, меѓутоа, мислам дека е преголема слободата што може да си ја земе еден пратеник и да кажува различни квалификации што се однесуваат на здруженијата на пензионерите на нивната работа и нивното работење со солидарниот фонд.

Дури, почитуван министер, само ако поставите прашање каде одат каматите, дали во екскурзии, дали во џебови, со тоа имплицинтно се става етикета на одредена категорија на граѓани на ангажираните во здруженијата на пензионерите, нешто што ви кажав и во вчерашната дебата можете да го проверите заради тоа што ги имате како механизам сите средства што ви стојат на располагање, и инспекции, и Министерство за внатрешни работи, брилијантни сте како Влада во правење кампањи на грбот на различни категории граѓани. Брилијантни се во театарот на кршење на презункцијата невиност и колективни апсења, до колку има одредени индикации и до колку нема само за креирање на имиџ на Владата дека се бори против корупцијата, криминалот и тн. Значи вам ви стојат на располагање сите механизми да утврдите што де факто се случува со тие средства и затоа најмалку треба претставник на Владата да дојде, да прашува, да поставува такви прашања чија цел се дефакто импликација или навреда на здруженијата.

Меѓутоа, очигледно на Владата и се брза да стави капа и на овие средства кои не и припаѓаат, исто онака како што сака да контролира се останато во државата. Јас сум зборувала и во неколку наврати претходно дека во овие една ипол година од владеење на ВМРО-ДПМНЕ и неговата коалиција полека но сигурно влегуваме во еден тоталитарен систем, заради тоа што постои преголема желба на премиерот да контролира буквално се што не е во негова надлежност, почнувајќи од Собранието на Република Македонија, што го прави многу лесно преку телефонските разговори со претседателот на Собранието и креирањето на дневен ред на седниците, до сега, до солидарниот фонд. И зачудува тоа што, и покрај квалификацијата "одлична економска состојба во државата", инвестициски бум и не знам што, Владата наеднаш доби желба да посегне по средства кои што припаѓаат лично на пензионерите и сака да манипулира со нив. За тоа нема никогаш да се согласам. Ваквата своја намера отворено ја покажувате во неколку членови на законот, а еве, ќе го прочитам едниот кој што дава целосна слика зошто овој амандман на опозицијата не го прифаќате. Членот вели:

"Дозначените а неискористени средства за исплата на посмртната помош за корисниците на пензија до денот на влегување во сила на овој закон, општинските здруженија на пензионери и инвалидите на трудот се должни да ги повратат на посебната сметка на Фондот, средства за солидарен фонд за посмртна помош на корисници на пензија".

Тоа е вистинската цел што сакате да ја постигнете со овој закон. На Владата и се брза колку е можно побрзо средствата и личните средства на пензионерите да ги уплатат на сметката на Фондот, кој што очигледно има некаков проблем во функционирањето штом дошло до ситуација преку Владата да се избори на сметката на Фондот да ги земе и управува средства кои не му припаѓаат, средства кои што се лични на пензионерите граѓани на Република Македонија. Затоа, немате аргументи со кои ќе не убедите дека ова е добро решение, туку напротив, мислам дека тргнувате чисто од позиции на интерес на Владата, од позиции на интерес на Фондот, од

позици на тоа што сакате да манипулирате со пари кои што не се ваши. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот министер Мешков има реплика, повелете.

**Љупче Мешков:** Согласно решението во законот средствата да ги сервисира Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, нормално е дека остатокот на средства треба да бидат на таа сметка на Фондот за солидарен фонд, бидејќи инаку како ќе останат милиони во надлежност и во раце на тие кои што нема да ја спроведуваат повеќе таа работа, а средствата се наменети токму за солидарниот фонд. Затоа, таквата одредба која што ја прочита пратеничката е сосема нормална и потребна. Инаку, не знам зошто тие би ги користеле кога улогата на сервисирање ќе ја прави Фондот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Грковска, имате контра реплика.

**Славица Грковска:** Па добро господине министер, тоа на вас ви е нормално, меѓутоа, мене не ми е нормално некој да сака да манипулира со лични туѓи средства. Тоа го кажав и претходно во дебатата, тоа е исто како јас и вие да склучиме договор, јас да манипулирам со вашата плата. Тогаш кога ќе ви треба јас да ви давам онолку колку што ќе ви треба, да склучиме договор, ваша е платата меѓутоа јас ќе манипулирам со неа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Јас претседателе во општата расправа се изјаснив дека за ова решение нема да зборувам затоа што многу беше кажано и реков дека по амандманот ќе кажам неколку зборови.

Прво, господин министер, иако сакате да оставите впечаток на уверлив министер кој решението тука го протуркува низ Парламентот со леснотија и уверливост, мислам дека ако се погледне поубаво сте свесен за контраверзноста на решението кое го нудите и ова решение во суштина е едно многу етатистичко решение на вашата Влада и на вас како министри. Дури, ако внимателно слушате што се случува во парламентарната сала како ваша одбрана, најчестите зборови се “треба да се стави ред” и тн. Јас впрочем станувам веќе алергичен на разно разни пратеници, министри и партии кои постојано имаат потреба да внесуваат некаков ред во државата, затоа што мислам дека таквото ставање на ред ќе заврши со сосема поинаков вид на ставање “ред во државата”.

Со оглед дека сте министер надлежен и за други невладини здруженија кои се основани со закон и кои се во вашата работа, веројатно не мислите после ова решение и на Синдикатот да му го смените законот, во кој ќе предложите парите што ги уплатува Синдикатот, за да не се дозволи Синдикатот да си ги троши по нивни наоѓања, да се стави ред па да ги вршат уплатите на сметка на работодавачот, а ако Синдикатот има потреба да користи дел од средствата, да си ги земе од работодавачот. Мислам дека исто така ќе внесете ред во државата со такви решенија, па можете да предложите и политичките партии да земаат членарина, да ја уплатуваат во Министерството за правда и тн.

Ова ваше решение е смешно. Вие ја гушите граѓанската иницијатива, вие го рушите цивилното општество, вие ја рушите демократијата, вие одите во насока на етатизација, како што кажа госпоѓата Грковска, на тоа што на вас не ви припаѓа.

Господинот Ратко Димитровски овде кажа една небулоза која никаква аргументација нема. Вие како минситер тоа не го коментирате, затоа што ви одговараат погрешни и фалшливи аргументи. Вие кажувате аргумент, не ги прашуваат пензионерите да дадат писмена изјава, а им се уплатува на сметка на здружението на пензионерите. Па кој уплатува на таа сметка? Вие сте министер надлежен за Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Ние не избираме директор на ПИОМ овде, знаете, согласно законот вас ве избираме, а вие го назначувате на ваш предлог директорот на ПИОМ. Зошто директорот на ПИОМ закинува од пензијата на пензионер кој не дал писмена изјава да му се одземат 100 денари за солидарен фонд.

Значи господин министер, наместо да се замислите зошто ПИОМ ако го прави тоа, не го повикате директорот и му дадете налог, од утре кој нема писмена изјава ќе ги стопирате уплатите и само тие што имаат писмена изјава ќе одат, а вие одите кон уште подрастичното решение, од сега никој, а тоа што го импутирате сега на пензионерите ќе го продолжите вие.

Втора работа: вчера ве слушав, имавте говор после госпоѓа Грковска, ме спомнувавте и мене. Ве слушав на телевизија во пратеничката група. Кажавте дестина аргументи зошто не треба да ги имаат пензионерите овие пари, меѓутоа, не кажавте ниту еден аргумент зошто државата треба да ги има овие пари. И немојте погрешно да ја информирате јавноста, Фондот, не знам што. Државата, затоа што Фондот е пар екселанс државна институција - ве молам да не ми упаѓате во зборот господин министер - пар екселанс државна институција, раководена и основана од државата со закон и со вработени таму кои се државни службеници и со директори кои ги назначувате и разрешувате вие во Владата. Немојте да создавате забуна дека сега од едно здрижение на граѓани се префрла во Фондот и тн. Кажете го правиот збор. Ги етатизирате средствата. И, уште еден доказ повеќе јас ќе ви го кажам, што вие го знаете, а овде и господинот Ратко не го знае, некои ги знаат, некои не - каде одат парите?

Солидарниот фонд, парите ќе ги задржи на трезорската сметка на Министерството за финансии. Вие вчера од местото зборувавте зошто да земаат камати и да ги трошат парите за тоа. Па, дозволете, ако јас како пензионер си

потпишам дека сакам 100 денари да давам за солидарниот фонд, ако на тоа се заработат камати во деловните банки, зошто па вие се наоѓате повикан да кажете нема камати. Зошто па сега вие ги внесувате во трезорската сметка на Министерството за финансии парите од солидарниот фонд?

(Дофрлање од место).

Ве молам, да не ми упаѓате. Навистина некултурно упаѓате неколку пати. Навистина ве почитувам како човек, мислам дека не ви е потребно сега да ми упаѓате во збор. Навистина ве почитувам.Кажете, ќе дебатираме ако треба.

Зошто ги ставате на трезорската сметка? Зошто пензионерите како здружение на граѓани да немаат право да ги окаматуваат тие средства? Која е таа логика? Истата таа логика што ја кажувате во дебата после ЕВН?! Тие ќе имале профит од таа работа?! Па нормално. Тие се невладино здружение. Зошто парите да им седат без камата на трезорската сметка? Односно, ако сакате да ја отвориме до крај работата, вие тоа го знаете и не го соопштувате, дека каматите од овие пари ќе остануваат во државата.

Зошто државата да ги земе каматите, ве прашувам јас вас? Зошто на ова што го кажува колегата Димитровски - имам и дома пензионер - имам и јас два пензионери два дома. Зошто на тие луѓе, на 250 илјади пензионери и 70 илјади пензионери во Македонија каматите од 100-те солидарни денари во солидарниот фонд да остануваат во државата? Зошто државата да си ги наплаќа каматите и да не им ги враќа назад?

Дури, јас сум сигурен дека една неуставна, не неуставна, тука има разлика, не уставна, туку судска процедура во парнична или каква постапка, нека помогнат правниците, ќе ги добие каматите Здружението назад. Вие знаете дека трезорската сметка не располага со камати. Меѓутоа, минусот на трезорската сметка Министерството за финансии го надополнува со емисија на трезорски записи и трезорски обврзници. Со оглед дека остануваат овие пари во трезорската сметка, за овие пари нема да треба да издава обврзници, веќе 7 милиони евра однапред ги има кумулирано на својата сметка и за 7 милиони евра господинот Трајко Славески нема да треба да плаќа камати. Односно, тој има опортуни камати сега. Наместо каматите на 7 милиони евра да завршуваат во пензиското здружение, каматите од 7 милиони евра ќе завршуваат како помал трошок на Буџетот, врз основа на неемисија на обврзници за 7 милиони, колку што тој ќе ја покрие ликвидноста на трезорската сметка. Ќе ги пренесе од деловните банки во комерцијалните банки со овој закон веднаш.

Што значи дека вчера кога вие обвинивте тука, дека, зошто тие да ги земаат каматите, јас имам контра обвинение. Зошто пак вие да ги земате каматите во трезорот од парите на пензионерите? И плус, фер е, кога ќе најавите мерки на политиката, како што е во членот 28, да излезете на говорница и да кажете - ние ја предлагаме, како Влада, оваа и оваа мерка со намера после тоа да направиме ваква и ваква политика. А вие, тука ни кажувавте три пати можеби. Па можеби ќе се намали, па можеби ќе видиме што ќе правиме со тие пари. Каков е тој однос “можеби”? Соопштете ја политиката. Соопштете ја политиката, да ја слушнеме јасно и гласно.

И, немојте да ширите дезинформации, дека врз основа на каматите ќе направите заштеди. Затоа што во трезорската сметка немате камати. Токму тоа е целта на Министерството за финансии што ја протуркува, помеѓу другото и преку вас. 7 милиони овде, има една мисла во економијата во однос на трошоците, кога луѓето велат па добро, за еден милион не можеме да дадеме повеќе или помалку, е мислата на нобеловецот е милион тука, милион таму, така се прават заштедите.

Вие сега, практично, не само што ги централизирате средствата на буџетските корисници, што не треба да бидат таму, туку почнувате и на другите сметки во трезорската сметка да ги централизирате и да ги одземате од деловните банки, да ги враќате во трезорот на штета на оние што ги одвојуваат. Јас апсолутно не се согласувам со таквата мерка ниту на економската политика, ниту на цивилното општество. Ниту на тоа се согласувам.

Мислам дека сте пререстриктивен, мислам дека една мерка, така, полупаушална, ги обвинувате зошто со нив да управуваат, во иднина пензионерите, здруженијата, каде што се избрани. Па, има и контра прашања. А зошто во име на пензионерите да управува Фондот за пензиско што вие го назначувате? Ако треба да одберам помеѓу пензионерска елита, која што во име на пензионерите ќе управува со нивните 7 милиони евра и помеѓу полтичката елита на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, што ќе управува со нивните средства во Фондот, јас ќе ги изберам пензионерските елити. Затоа што се дел од граѓанското, цивилното општество. Од невладиниот сектор.

Меѓутоа, тука, дебатата се сведува на ставање на ред. Се плашам дека продолжувате да ставате малку поинаков ред од оној во наводници, го гушите цивилното општество и, на крајот на краиштата, играте на економската позиција на пензионерите. Пресметајте колку се каматите на државните обврзници, што сега се емитуваат на 5% годишно, пресметајте на 7,5 милиони, колку што е ефектот од овие средства на годишно ниво, 5% на 7 милиони евра во трезорската сметка, толку им одземате на пензионерите директно од џеб.

И, уште вчера критикувате оделе на екскурзии. Вие сигурно знаете повеќе од мене, сигурно, дека на тие луѓе тоа им значи многу. Да можат еднаш во три месеци да одат на екскурзија во Дојран, на 70 годишна возраст. Да се вратат и да се среќни, затоа што не знаат што да прават од утро до навечер, немаат работа. Ако некој им организира. И вие, тука удирате. Токму ја сечете цреша во корен. Зошто да оделе на екскурзија?! Па,

наместо како министер да го стимулирате тоа, ем си имаат посмртнина, ем од каматите одат на екскурзија. Ем еднаш во годината, за 8-ми март се собираат, им даваат ручек од тие средства. Сите ги имаме примерите околу нас или со нас. И сега вие тука тоа го земате за зло. Не знам зошто ви е потребно, едноставн и зошто на Парламентот му е потребно токму таа аргументација да ја влечеме, кога на луѓето, не можат од здравствени причини да одат по годишни одмори, по едно, по друго, многу луѓе се среќни кога ќе можат со своите колеги од работа, со кои порано работеле или каде живеат по маалата, по месните заедници, да одат до Охрид, да посетат некој манастир, Лесновски, или друг од утро до навечер. Ве уверувам, тоа за нив е многу позитивно. Затоа што како  и сите ние, знаеме многу такви примери. Сега вие тука удирате, да им одземете се. После ќе им дадете 200 денари покачување на пензијата, со амандманот што го носите и уште 200 денари со оној другиот што го носите и така ќе продолжите во круг да се вртите. Благодарам.

Јас мислам господине министер дека вие треба да го прифатите амандманот. Да не не доведете во позиција да биде одбиен, затоа што пратеничкото мнозинство во Парламентот ќе го одбие амандманот не што мисли дека треба, туку што Владата инсистира. А, не гледам дека тука правите некој голем исклучок. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господинот министер за труд има реплика.

Повелете господине министре.

**Љупче Мешков:** Убаво звучеше ова што го кажуваше господинот Поповски. Меѓутоа, тука има еден збор што се вика "наменско трошење и користење на пари". Ако вие отидете во банка и подигнете кредит, станбен кредит за стан, не можете да купите кола. Туку мора да го употребите за тоа. По вашата логика може да кажеме, нека Гавро зема камати во Битола, па и тој е пензионер, ќе купи некои лекови, ќе направи некоја екскурзија и тн. Се е во нивна корист. Зошто да не. Не би било тоа ништо спротивно.

Значи, не може ние така да ги сфаќаме работите. Дајте ми ги парите, јас донесов одлука како здружение, ќе правам со нив што сакам. Тогаш, една од договорните страни нема да сака да учествува во таква трансакција. Тоа е нејзино право. Тоа е договорен однос меѓу две страни. Ако вие сакате така да работите со парите, другата страна не сака така. Па, ќе рече нема да има солидарен фонд, најдете си друг кој ќе ви го сервисира солидарниот фонд.

Тоа значи дека мора да се прашаат двете страни. И, ако одлуката е за наменско користење на средствата. за посмртна помош. таа не може да оди за други работи. Барем тоа го знаете.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика Никола Поповски, повелете вашата минута.

**Никола Поповски:** Господине министер, не се согласувам со вас.

Вие инсистирате на тоа дека 260 илјади пензионери треба директно да одлучуваат. И тие, како и вашата функција си имаат претставнички органи. Не можат 270 илјади пензионери да седнат да одлучуваат. За тоа имаат здружение. Затоа им ги пренесуваат овластувањата. Ако пензионерското здружение решило да им ги окаматува парите и да извади од тоа дополнителен профит, тоа е во ред. Инаку, ако вие инсистирате, дај да го префрлиме на наш терен тоа, наместо вие да ни предлагате буџет и ние 120 пратеници да гласаме буџет, да го дадеме на 2 милиони  Македонци да го гласаат Буџетот. Затоа има претставување за да некој управува во име на другите. Затоа на 4 години имаат и тие и вие избори и затоа  се кажува дали се добри или не се добри.

Меѓутоа, сега вие на ваков начин ако ја следите расправата, мислам дека не е фер. Јас повторно сум уверен дека правите нешто што нема да ви донесе ниту вас добро, ниту на оние луѓе кои тоа им е наменето добро. Пуштете ги сами да си работат.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Ратко Димитровски има реплика, повелете.

**Ратко Димитровски:** Благодарам претседателе.

Бев спомнат и мислам дека не сакајќи колегата Поповски ја кажа правата вистина, правата суштина на нештото за кое што се залагаат колегите со предлогот на овој амандман.

Имено, спомна дека има двајца пензионери, меѓутоа, не спомна дали тие двајца пензионери потпишале некаде изјава, дека за тие 40 години што работеле, па сега заслуженото го користат, дали некој ги запрашал нив да им ја одбијат тие 100 денари на некоја сметка, на некој овластен нивен претседател и тие средства да ги користат за прошетки или за некои други намени. Апсолутно е ноторно дека имаме 260 илјади изјави, со кои што секој од пензионерите се согласува да му се уплатуваат средствата.

Моето јавување на претходниот дискутант беше токму заради тоа, имаме едно големо непознавање, не информираност кај грото од пензионерите, дека му се одбива од неговата пензија. Тоа е суштината, тоа е она за кое што јас го најавив како воведување на ред. Редот не се мисли само на строгост и дисциплина, туку редот се мисли на тоа, секој од пензионерите со новите мерки, со новиот закон, ќе си даде изјава, со која изјава ќе се согласи, или нема да се согласи да му се одбиваат средствата и за која намена, ќе му биде тоа соопштено. Тоа е суштината која што се предлага со овие мерки. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контрареплика има господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Нема да ви се допадне одговорот за тие двајца пензионери за кои ме

прашувате, затоа што се приврзаници на тоа што вие го кажувате, што вие не го подржувате, за разлика од вашиот пензионер кој тоа не го подржува.

Меѓутоа, прашањето господине Димитров не е тоа суштинското што вие го кажувате. Суштинското прашање е за тој што ќе даде согласност, да му се одбиваат сто денари месечно. Дали сметката за тоа да му ја води господинот Груевски, господинот Мешков и директорот на Фондот, или сметката за тоа да си ја водат самите. Вие сте приврзаник, во наводници да се стави ред на таа работа и од пензионерот од кој се одвојува по сопствена волја сто денари, да му ги менаџира во Министерството за финансии, министерот за финансии и заради нив што ги издава, да му ги менаџира директорот на Фондот и господинот премиер, кога ќе има нелихвидност во трезорот, или на некоја сметка да игра од една на друга сметка. И ќе заработите 350 илјади евра годишно на тие пари од трезорската сметка.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам сите пратеници што се во Собранието да влезат во салата зашто наскоро ќе гласаме.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам пратениците што се во Собранието да повелат да влезат во салата зашто не чека гласање.

Ги повикувам пратениците што се во Собранието, кои се уште не влегле во салата, да влезат во салата, бидејќи не очекува гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за гласале 10, воздржано 1, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 31, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Борис Кондарко, Оливер Спасовски, Славица Грковска и Весна Бендевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Мешков, повелете.

**Љупче Мешков:** Прво, пред да кажам за амандманот, сакам да образложам што е суштината на овој член. Тоа е дека во праксата сега, пред инвалидските комисии, скоро 30% од барањата се повторни барања, односно барање кое пред месец, или пред 15 дена, веќе еднаш поминален таму и осигуреникот кој бара инвалидска пензија, повторно се јавува на лекарска комисија, со истата медицинска документација, со која еднаш пред месец дена, или пред два три месеца е одбиен.

Со тоа се зголемува обемот на работа непотребно, што влијае на ефикасноста на водењето на постапката и запазувањето на роковите за решавање, согласно Законот за управната постпка.

Со овој член, практично се вели дека оној кој што бил еднаш во текот на годината со истата медицинска документација, нема потреба и не треба повторно да оди на Комисија, затоа што повторно ќе биде одбиен, освен, ако има нова медицинска документација, со која ќе докаже дека има влошување на неговата здравствена состојба.

Од тие причини, тој ако има влошување секогаш во секој момент може да се јави повторно, но не, со истата медицинска документација по неколку пати, што практично нема никаква логика, затоа што тој со та документација веќе е одбиен и само го зголемува обемот на работа и ја намалува ефикасноста на постапката. Благодарам.

Затоа амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Значи, како што објасни министерот, амандманот се однесува на членот 134, со кој што е утврдено кога осигуреникот , кој што по основ на инвалидитет поднесува барање до Комисијата за пензија, има право повторно да се јави, доколку еднаш е одбиен. Со постојното решение Министерството, односно Владата предлага, таа да се врши по истекот на една година, доколку не е приложена нова медицинска документација за настанатата промена, односно влошување на здравствената состојба.

Сметаме дека ваквото решение е многу пористриктивно од претходното и во значителна мера ќе ја отежне постапката осигурениците да добијат можност на инвалидска пензија.

Она што го објасни министерот дека осигурениците се јавуваат за брзо време со иста медицинска документација, можеле во Владата да го решат на поинаков начин, односно да предложат дека со иста медицинска документација, може најмногу два пати некој да се појави со барање пред Фондот.

А вака да одложат за една година и во меѓувреме, не дај Боже да се случи нешто, или погрешна проценка направила Комисијата при Фондот за пензиско и инвалидско осигурување при процената на инвалидноста, па потоа осигуреникот мора повторно да оди по доктори, да бара нови докази, да се изложува на дополнителни трошоци за спремање на документација, или да поведе управна постапка за да го докаже своето право на инвалидска пензија. Сметаме дека ваквиот член што ќе остане во Законот после една година да се има

право откако еднаш сте одбиени од Комисијата повторно да поднесете барање за истата инвалидност е многу рестриктивен и повторно оди на штета на осигурениците кои што издвојуваат средства во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Ваквите решенија, господине министре не водат кон подобрување на правата на граѓаните и осигурениците. Напротив, ги ограничуваат и мислам дека има многу повеќе други решенија доколку сакате притисокот на Фондот да го олесните од аспект на корисниците за инвалидска пензија со нивните барања отколку вака да предложите решение. И ги изложувате на дополнителни трошоци за нова медицинска документација, или управна постапка, а и една година одлагање ако Комисијата направила погрешна проценка е многу и мислам дека може да се случи осигуреникот и да не оствари право на инвалидска пензија, иако реално поради грешната проценка навистина има потреба од тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има господинот Љупче Мешков, министер за труд и социјална политика.

**Љупче Мешков:** Прво, осигуреникот може и сто пати да оди на Комисија со иста медицинска документација, сто пати ќе биде одбиен. Затоа што врз база на таа медицинска документација тој еднаш е одбиен и не може ако оди кај Петко да биде одбиен, а кај Станко да му даде пензија. Значи, тоа не може, освен ако во меѓувреме не си ја среди на друг начин работата. Значи, со иста медицинска документација не може. После тоа има право на жалба, има право на судска постапка, има право на ревизија. Значи сите фази на постапката. И сега излишно е тој повторно по еден месец, или два да доаѓа со иста медицинска документација. Нема логика, тоа е излишно, нема шанса да добие пензија со иста документација со која веќе еднаш е одбиен.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Ме интересира, зошто тогаш предлагате да биде една година најмалку, ако сите права и сега им се исполнети и можат истото да го направат. Зошто тогаш предлагате ваков член? Ако и сега има право да поведе право за ревизија, за жалба, зошто сега го ограничувате после една година?

И кој е тој друг начин што вие го спомнавте кај Петко и кај Станко да се оствари право на пензија? Кој е тој друг начин, навистина ме интересира?

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Значи, во функција на доктор навистина не гледам логика зошто со истата документација повеќе пати би се појавувал кандидатот за пензионирање не во една година и во некој било кој дефиниран временски период. Ако претпоставиме дека комисиите се формирани од стручни лица, ако претпоставиме дека тие сериозно и одговорно си ја вршат работата, навистина без дополнителна документација не би требало воопшто да дискутираме на оваа тема. Но, јас сега ќе го отворам она за што никој не сака да зборува. Ако претпоставката е обратна дека тие ја злоупотребуваат својата функција, тогаш можеби има место за дискусија. Ако се случи тешко влошување на здравјето во овој едногодишен период, сигурно ќе има плус медицинска документација друга која ќе му овозможи да излезе пред комисијата. И претпоставувам дека, еве јас наместо министерот, дозволете ми, сепак тоа ми е струка, претпоставувам дека тоа некои стручни лица, се разбира од областа на здравството утврдиле дека за хроничните болести една година отприлика е период во кој би можело драстично да се промени нешто во здравјето, па да се достави плус документација. Тоа е малку дискутабилно. Но, во принцип не би требало да биде проблем и да е на шест месеци, да е и на година ипол. Но, ако им веруваме на луѓето кои ја работат таа работа, ако знаеме дека комисиите не се составени само од еден член, туку од повеќе членови, тогаш навистина има логика ваквиот член во законот. Она што мислам дека навистина треба да се направи не затоа што имам сигурно податоци, туку затоа што има озборување, или жагор понекогаш е дека контролата врз овие комисии, јас се извинувам, значи не зборувам за сите, за можни евентуални поединци контролата врз работата на овие комисии навистина треба да се засили од органите на државата и тие да не се случи никој од таму да ја злоупотреби својата функција. Доколку не се случува такво нешто во однос на здравството оваа мерка, значи не појавување барем во рок од една година без додатна документација според мене е сосема логична.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Значи, повторно сакајќи на друго место каде што постои проблем да не се интервенира. Колешката посочи во делот на работата на комисиите, а ќе ги рестриктираме правата на осигурениците. Мислам дека така не се решаваат проблемите. И ако има проблеми како што кажува колешката во функционирањето на комисиите од аспект на проценката, тоа е друго прашање. Зошто да се прави на штета на осигурениците кои сакаат да остварат право на инвалидска пензија. Навистина не ми е јасно. И министерот и колешката сето тоа што е дефект во функционирањето на овој систем, сега го вртат против осигурениците.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Очекував дека ќе се изнесе некоја аргументација од страна на министерот зошто не го прифаќаме овој амандман. Во функција како што денеска ни објаснува дека постојано бараме да се воспостави ред. Редот во овој дел не може да го воспоставиме, ако на луѓето кои што поднесуваат барања за остварување на овој надоместок во вид на

инвалидска пензија тоа да го направиме после една година. Значи, сега можело тоа да биде почесто направено, сега ќе го направиме со една година и на тој начин ќе ги растеретиме комисии и ќе можат многу поефикасно, или постручно да одлучуваат. Не може со иста медицинска документација да оди кај една комисија, или кај друга, затоа што сите ќе одлучеле на ист начин. Не баре е тоа некоја математичка формула по која што сите решаваат исто. Ама спомнавте, освен ако не си ја среди на друг начин. Бидејќи вие како министер и социјална политика и пред пратениците и пред македонската јавност кажавте дека постои друг начин на кој што може да се среди да се добие инвалидска пензија. Ве прашувам за еден случај од Куманово, еве сега моментално за лице кое што нема деловна способност и мора постојано да е со придружба, десетти пат завчера беше, односно минатата недела на Комисија. И е одбиена. Дајте соопштете го тој другиот пат кој е за да може да добие инвалидска пензија и на тој начин да успее да си ги добие нејзините права. Инаку, џабе воспоставувате ред. Таа уште година дена, уште десет години ќе чека, ако не го знае вашиот магичен друг начин на добивање на пензија, џабе и е се.

**Љубиша Геогриевски:** Има збор министерот Љупче Мешков.

**Љупче Мешков:** Значи, ние во Министерството и во Владата се бориме против таквите други начини. А сега некој може да си прави како сака, меѓутоа борбата против другите начини мора да биде силна и од сите фактори и институции кои можат да допринесат во тоа. Значи, кога реков зошто осигуреникот оди шести пат или седми пат на Комисија со иста медицинска документација, тој однапред знае дека со таа медицинска докукментација не може да добие пензија, затоа што еднаш веќе е одбиен. Сега јасно прашува пратеникот, да ми каже зошто тој се залага шести, или седми пат да оди? Значи, зошто оди шест пати кога знае дека со иста медицинска документација не може. Ако едната комисија одлучила дека нема, едниот состав, и вториот и третиот и четвртиот, тие имаат усогласени ставови, не може еден состав тој да го одбие од пензија, а другиот состав со иста медицинска документација да му даде пензија, освен ако е нешто друго за кое реков треба да се бориме против тоа.

**Љубиша Геогриевски:** Една минута контра реплика господинот Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Господине министре, јас би сакал навистина со едно поднесување на барање сите случаи кои што исполнуваат услов за инвалидска пензија тоа да го добијат. Ама секој во Македонија знае дека не е така. Само добро е што и вие денеска како министер кажавте дека постои и друг начин. И очекував дека во репликата ќе го спомените кој е другиот начин за да им помогнеме на многу други граѓани во Република Македонија. А ако се борите да го нема другиот начин, очекував дека ќе предложите закон во кој што ќе предвидите одредби со кои што ќе ги избегнеме ваквите манипулации од страна на тој сегмент, или ќе ставите ред како што велите во сегментот на таквата заштита. Инаку, на овој начин не се воспоставува ред, туку едноставно вие ја олеснувате работата на Комисијата после година дена да одлучуваат на истиот начин на кој што одлучуваат и досега, притоа не добивајќи ги правата граѓаните, затоа што не го знаат другиот начин кој што не сакате да го соопштите пред македонската јавност.

**Љубиша Геогриевски:** Има збор госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Почитувани колеги, малку е навредливо кога така тврдоглаво ќе запнете за нешто што навистина не е во ред. Навредливо е на пример за мене како доктор, значи, медицината е егзактна наука. Поставена дијагноза е поставена дијагноза. Ако е точно поставена секој доктор ќе ја постави истата дијагноза. Значи, ако е тоа така, нема други начини. Оние други начини се нелегални и се криминални. И не може секој што ќе побара пензија да ја добие затоа што ја сака, туку ќе ја добие ако е оправдано да ја добие. А докторите се тие кои велат: да, овие дијагнози навистина сериозно го нарушиле неговото здравје и тој ја заслучува. Малку почит и кон таа професија. А се она што е надвор од професијата треба да се санкционира. Но, кој го воведе тоа, кој прв почна?

**Љубиша Геогриевски:** Ја прекинувам седницата.

Утре продолжуваме во 11,00 часот. Ќе бидете известени за програмата на утрешната седница.

(Седницата прекина во 18,00 часот)